ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

на ООУ „Александар Урдаревски“

Чучер-Сандево, Скопје

за **учебната 2023/2024година**



Август, 2023

Преамбула

ООУ „Александар Урдаревски“ е основно општинско училиште во општината Чучер-Сандево – Скопје, основано 1963 година. Училиштето се наоѓа во с.Сандево на ул. 1 бр.11 . Училишната зграда е од тврда градба и се состои од приземје, кат и подрумски простории и се загрева со сопствено греење. Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение од реонот на училиштето во кој се опфатени децата од селата Сандево, Мирковци, Горњани, Бањани, Чучер, Глуво и Бразда.

Училиштето има воспитно-образовна дејност која се реализира преку наставата, воннаставните активности, грижа за здравјето на учениците, следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа.Нашето училиште е модерно, современо училиште кое овозможува квалитетен програм што може да одговори на современите потреби и да ги следи научно-технолошките достигнувања. Училиште во кое тимски се работи, развива одговорност, поттикнува креативност и овозможува сестран развој на личноста на детето. Подржуваме современи методи на учење и користиме информатичко-технолошка комуникација во наставната пракса, оспособувајќи ги учениците за самостојно учење но, и примена на стекнатите знаења во понатамошното школување.



Содржина

Вовед

1. Општи податоци за основното училиште
    1.1. Табела за општи податоци
    1.2. Органи за управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

2. Податоци за условите за работа на основното училиште
    2.1. Мапа на основното училиште
    2.2. Податоци за училиштниот простор
    2.3. Простор
    2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“
    2.5. Податоци за училишната библиотека
    2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

3. ПОдатоци за вработените и учениците во основното училиште
    3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа
    3.2. Податоци за раководните лица
    3.3. Податоци за воспитувачите
    3.4. Податоци за вработените административни службеници
    3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица
    3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори
    3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар
    3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените
    3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените
    3.10. Податоци за учениците во основното училиште

4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

5. Мисија и визија

6. „LESSONS LEARNED“-Веќе научено/стекнати искуства

7. Подрачја на промени, приоритети и цели
    7.1. План за евалуација на акциските планови

8. Програми и организација на работата во основното училиште
    8.1. Календар за организацијата и работата на основното училиште

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

8.3. Работа во смени

8.4. Јазик/ јазици на кој/и се изведува наставата

8.5. Проширена програма

8.6. Комбинирани паралелки

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

8.9. Изборна настава

8.10. Дополнителна настава

8.11. Додатна настава

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

8.13. Работа со ученици со посебни потреби

8.14. Туторска поддршка на учениците

8.15. План на образовниот медијатор

9. Воннаставни активности

9.1. Училиштни спортски клубови

9.2. Секции/клубови

9.3. Акции

10. Ученичко организирање и учество

11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишните активности

12. Натпревари за учениците

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

14. Проекти кои се реализираат во основното училиште

15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

15.2. Професионална ориентација на учениците

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација

16. Оценување
    16.1. Видови на оценување и календар на оценувањето
    16.2. Тим на следење, анализа и поддршка
    16.3. Стручни посети за следење, анализа и поддршка
    16.4. Самоевалуација на училиштето

17. Безбедност

18. Грижа за здравјето
    18.1. Хигиена во училиштето
    18.2. Систематски прегледи
    18.3. Вакцинирање
    18.4. Едукација за здрава храна-оброк во училиштата

19. Училишна клима
    19.1. Дисциплина
    19.2. Естетско и фунционално уредување на просторот во училиштето
    19.3. Етички кодекси
    19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
    20.1. Детектирање на потребите и приоритетите
    20.2. Активности за професионален развој
    20.3. Личен професионален развој
    20.4. Хоризонтално учење
    20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

21. Соработка на основното училиште со родителите /старателите
    21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето
    21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности
    21.3. Едукација на родителите/старателите

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

23. Следење на имплементација на годишната програма за работа на основното училиште

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

25. Заклучок

26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

27. Користена литература

Прилози

Вовед

Годишната програма за работа на ООУ „Александар Урдаревски“-с.Сандево, претставува оперативен план за работа, со кој е програмирана целокупната работа во училиштето. Во овој документ, наведени се суштинските активности за учебната 2023/2024 година, нивните носители и реализатори, формите и начините на работа и истиот треба ефикасно да не води при реализација на истите и да придонесе за ефикасно следење на сите чинители на воспитно - образовниот процес. Годишната програма за работа, која всушност претставува краткорочен развоен документ, ги опфаќа планирањата на сите активности во текот на учебната година, кои се многу важни за успешно изведување на воспитно-образовната и севкупната работа во училиштето.Истиот може да се измени и дополни во текот на имлементација.

При изработка на Годишната програма за работа на ООУ„Александар Урдаревски “ – с. Сандево, Скопје, во оваа учебна година се земени следните појдовни точки:

1. Уставот на Република Северна Македонија
2. Член 49 став 6 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ Бр.161/19)
3. Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа, Закон за наставниците и стручна служба во основни училишта и други закони (Законите се достапни на следните веб страни: www.pravo.org.mk ; www.slvesnik.com.mk
4. Член 6 и 7 од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште
5. Подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работата на органите итн.), правилници (Правилник за изведување на екскурзии, Правилник за работно време итн.)www.mon.gov.mk
6. Наставните планови и програми (http://www.bro.gov.mk/?=osnovno-obrazovanie)
7. Концепција за деветгодишно образование
8. Статут на училиштето
9. План за развојна училиштето 2022-2026
10. Самоевалуација на училиштето 2020-2022
11. Годишен извештај 2022-2023

12. Повелбата на Обединетите нации за правата на детето и човековите права и слободи

13. Анализа на степенот на реализација на минатогодишнаата програма за работа

14. Квантитативните и квалитативните резултати од реализацијата на програмите за работа;Проекти кои ги планира училиштето за оваа учебна година;

15. Планови и програми за работа на директорот, стручната служба,наставниците, стручните органи и тела.

1.Општи податоци за основното училиште

Општинско Основното училиште „Александар Урдаревски” – с. Сандево, Скопје, се наоѓа на ул. 1 бр.11 општина Чучер-Сандево, во кое се остварува задолжителното основно образование и е дел од единствениот државен воспитно-образовен систем. Воспитно-образовната работа во училиштето се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

1.1.Табела со општи податоци

Податоци	
Име на основното училиште	ООУ„Александар Урдаревски“
Адреса, место, општина	Ул.1 бр.11 с.Сандево, Чучер-Сандево
Телефон	02 2666-098
Факс	02 2666-098
Веб-страница	http://www.ooualeksandarurdarevski.edu.mk/
Е-маил	aurdarevski10@yahoo.com
Основано од..	Општина Чучер-Сандево
Верификација-број на актот	10-1622/2 од 19.01.1995
Година на изградба	1963
Тип на градба	тврда
Внатрешна површина на училиштето (m2)	2901 m2
Училиштен двор (m2)	22 455 m2
Површина на спортски терени и игралишта	100 m2
Начин на загревање на училиштето	Сопствено , на нафта
Училиштето работи во смени	не
Број на паралелки	15
Број на комбинирани паралелки	/
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски јазик
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	не
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	/
Во основното училиште има ресурсен центар	/
Други податоци карактеристични за основното училиште	/


1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

Членови на училиштен одбор (име и презиме)	**Претставници од оснивачот** **(Општина Чучер-Сандево)** Игор Левајковски - член **Претставници од родителите или старатели** УбавкаРусовска - член Христина Кајевиќ - член Марина Пршевска -претседател на УО **Претставници од редот на наставниците** Игор Беличански-член Верче Славковиќ- член Даниела Периќ- член
Членови на советот на родители (име и презиме)	I-ќе се одбере на првата родителска во септември II-Анета Русовска III-Миодраг Кајевиќ IVa – Бојан Копчаревски IVб – Милена Ќуксановиќ V- Билјана Груевска VIa- Марија Урумовска VI- б Суза Беличевска VII а- Александра Балшиќева VII б- Марина пршевска VIII а- Елизабета Поповска VIII б- Јелена Варсакевска IX-a- Убавка Русовска IX-b Христина Кајевиќ
Стручни активи (видови)	**Општествено-јазичен актив** Одговорен наставник: Зорица Силјановска **Природно-математички актив** Одговорен наставник: Николина Ѓорчевска **Одделенски актив** Одговорен наставник: Ана Гурмешевиќ
Одделенски совети (број на наставници)	Одделенски совет на одделенска настава 7 Одделенски совет на предметна настава 7


	(записничар- Маја Тапарчевиќ)
Членови на училиштниот инклузивен тим (име и презиме)	7 члена -Сузе Велковска Радевска-директор -Гордана Поповска –социолог -Ана Радосављевиќ -специјален едукатор и рехабилитатор -Павлинка Стоилковска одд.наставник -Николина Ѓорчевска - предметен наставник -Анета Пислевиќ -родител -Весна Пешевска -родител
Заедница на паралелката (број на ученици)	235 ученици
Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)	15 ученици - Ученичкиот парламент со неговите членови ќе се конституира на првиот состанок во септември претседател: ќе се избере на првиот состанок во септември
Ученички правобранител	Ќе се одбере во септември


2. Податоци за условите за работа на основното училиште

2.1. Мапа на основното училиште



План за евакуација на училиште





2.2. Податоци за училиштниот простор

Вкупен број на училишни згради	1
Број на подрачни училишта	/
Бруто површина	25356 м2
Нето површина	2901 м2
Број на спортски терени	/
Број на катови	Приземје со кат
Број на училници	15
Број на помошни простории	4
Училишна библиотека, медијатека	1
Начин на загревање на училиштето	Сопствено , на нафта

2.3. Простор

Просторија	**Вкупен број**	**Површина (m2)**	**Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)**	**Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)**
Училници	15	742,3м2	4	Доградба за дневен престој
Кабинети	4	49,31м2	4	
Библиотека	1	17,92м2	4	Реновирање, нови полици
Медијатека	1	17,92м2	5	Доопремување
Сензорна соба	1	17,92м2	5	
Спортска сала	1	224,58м2	3	Реновирање на фискултурната сала
Канцеларии	5	112,6м2	4	Реновирање на канцеларијата за секретар
Училиштен двор	1	22455м2	4	Доуредување
Заеднички простор за прослави	3	116,1м2	4	Доуредување на отворениот дел
Кујна	1	6,67м2	4	
Трпезарија	/	/	/	Изградба
Друго		1632м2		Вп подготовка е проект за изградба на мултифинкционлано отворено спортско игралиште, партерно уредување на задниот дел од училишниот двор,Менување плочки и чешми на долниот кат, обновување на дел од мебелот и завесите

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

Училишниот објект, училниците и другите простории во училиштето се пристапни и пријатни за престој на учениците и за одвивање на наставата. Училиштето инвестира во подобрување на условите за престој во училиштето, како и во осовременување и унапредување на образовниот процес преку континуирано обновување на опремата и наставните средства. Сите училници се опремени со компјутери и потребните нагледни средства за секој наставен предмет, за редовната настава како и воннаставните активности. Училиштето располага со 8 проектори и 2 смарт табли. Преку донација обезбедени се учте 6 проектори кои се очекуваат до почекот на учебната година да бидат доставени во училиштето.

Р.б.	**Опис на материјално-технички услови**	***Количина***
1	Персонални компјутери	20
2	Лаптопи за ученици	25
3	Лаптопи администрација и за наставници	11
4	Мултифункционален принтер	10
5	Систем за озвучување	1
6.	LCD Проектор	8
7	ДВД плеер	1
8	Радиокасетофон	5
9	пијано	1
10	Телевизор СТ	1
11	Bluetoot звучник	1

2.5. Податоци за училишната библиотека

.

Ред.број	**Библиотечен фонд**	**Количество**
1.	Учебници	2574
2.	Лектири	6200

3.	Стручна литература за наставници и стручни соработници	400
4.	Сериски публикации	2700

2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

Што се преуредува или обновува	**Површина во m²**	**Намена**
Фискултурната сала	224,58 м²	реализација на наставата по физичко и здраствено обрзование во соодветни услови.
Просторија за дневен престој	60м²	За учениците кои ќе посетуваат дневен престој
Настрешница , патека и скали во отворениот просторот кој води кон градninката каде што ќе ручаат децата од дневен престој		За учениците кои ќе посетуваат дневен престој, за изведување настава на отворено и сл.
Отварање излез од спортската сала кон задниот дел на училиштето, реновирање на скалите и дел од фасадата од задниот дел		Алтернативен втор влез/излез за училиштето, користење од учениците за време на спортските активности како излез и премин кон отвореното игралиште
Изградба на отворено повеќенаменско спортско игралиште	1000 м2	За реализирање на часовите по физичко и здравствено образование и воннаставните спортски активности
Обновување на инвентарот во училишната библиотека		Посоодветни услови

3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

Ред. бр.	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж
1.	Павлинка Стоилковска	1965	Проф. по одд.настава	ВСС	Одд. наставник	/	29г 4м
2.	Наташа Кипријановиќ	1975	Дипломиран педагог	ВСС	Одд. наставник	/	23г 7м
3.	Кристина Јаневска	1981	Магистар по одделенска настава	Магистарски студии	Одд.наставник	/	22г2м
4.	Јулијана Јакимовска	1975	Проф. по одд.настава	ВСС	Одд. наставник	/	20г 9м
5.	Ана Гурмешевиќ	1982	Проф. по одд.настава	ВСС	Одд. наставник	/	3 г 9м
6.	Илинче Митева	1962	Проф. по одд.настава	ВСС	Одд. наставник	/	36г 1м
7.	Гордана Димитриева	1965	Проф. по одд.настава	ВСС	Одд. наставник	/	26г 7м
8.	Александар Пирковски	1993	Проф. по физичко образование	ВСС	Предметен наставник	/	4г 5м
9.	Зорица Силјановска	1962	Наставник по македонски јазик	ВШС	Предметен наставник	/	38г 6м
10.	Николина Ѓорчевска	1976	Магистарски студии Математика и информатика	ВСС	Предметен наставник	Наставник ментор	19г 8м
11.	Верче Славковиќ	1977	Проф.по хемија	ВСС	Предметен наставник	/	14г 4м
12.	Даниела Периќ	1981	Проф.по англиски јазик	ВСС	Предметен наставник	/	15г8м
13.	Весна Вучковска	1983	Проф. по историја	ВСС	Предметен наставник	/	6г 11м
14.	Анѓа Живановска	1961	Наставник по англиски јазик	ВШС	Предметен наставник	/	36г 9м
15.	Сузана Станиќевска Адамс	1963	Наставник по физика	ВШС	Предметен наставник	/	2м
16.	Игор Беличански	1976	Проф по музичка уметност	ВСС	Предметен наставник	/	7г 7м
17.	Милена Мојсовска	1988	Професор по математика	ВСС	Предметен наставник	/	7г 5м

18.	Ирена Јошевска	1985	Дипломиран социолог	ВСС	Предметен наставник	/	10г 4м
19.	Благица Гогова	1975	Проф по географија	ВСС	Предметен наставник	/	19г 5м
20.	Андријана Шегмановиќ	1981	Проф по француски јазик	ВСС	Предметен наставник	/	20г
21.	Лилјана Бојчевска	1961	Проф по македонски јазик	ВСС	Предметен наставник	/	32г
22.	Бојана Наумова Радосављевиќ	1984	Професор по француски јазик	ВСС	Предметен наставник	/	7г11м
23.	Наташа Стајковиќ	1985	Професор по историја	ВСС	Предметен наставник	/	1г 6 м
24.	Жозефина Томашевска	1989	Професор по германски	ВСС	Предметен наставник	/	5г8м
25.	Кристина Гацева	1988	Професор по географија	ВСС	Предметен наставник	/	6г5м
26.	Христијан Најдовски	1988	Проф. По математика и биологија	ВСС	Предметен наставник	/	2г 4м
27.	Стефан Нешковиќ	1993	Професор по ликовно	ВСС	Предметен наставник		2м
28.	Виолета Згонц	1976	Професор по физичко образование	ВСС	Предметен наставник	/	1г 10м
29.	Сања Трајановска	1987	Професор по одд. настава	ВСС	Одд. наставник	/	2г 9м
30.	Валентина Сурловска	1991	Професор по српски јазик	ВСС	Предметен наставник	/	1г 9м
31.	Ана Радосављевиќ	1992	Дипломиран дефектолог	ВСС	Дефектолог	/	4г 6м
32.	Гордана Чанговска	1988	Дипломиран социолог	ВСС	Социолог	/	10г 5м
33.	Маја Тапарчевиќ	1985	Проф по македонски јазик	ВСС	Библиотекар	/	14г 9м

3.2. Податоци за раководните лица

Ред. број	Име и презиме	Годин а	Звање	Степен	Работно место	Мент ор/	Години на стаж

		на раѓање		на образо-вание		совет ник	
1.	Сузе Велковска Радевска	1985	Магистер по менаџмент на човечки ресурси	Магистарски студии	Директор	/	9г3м

3.3. Податоци за вработените административни службеници

Ред. број	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Години на стаж
1	///					
2	///					

3.4. Податоци за вработените помошно-технички лица

Ред. број	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Години на стаж
1	Зорица Мандаровска	1966	основно	ОС	хигеничар	34 г 7м
2	Јагода Поповска	1967	Културно-уметничка стр	ССС	хигеничар	14г 9м
3	Светлана Циговиќ	1971	тапетар	ССС	хигеничар	8г 9м
4.	Горан Колариќ	1976	Фризер за мажи	ССС	Ложач	12г 12м
5	Виолета Пејковска	1976	Општа гимназија	ССС	хигеничар	5г 9м

3.5. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

Кадар	вкупно	Етничка и полова структура на вработените

		Македонци		Албанци		Турци		Срби		Роми		други	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
Број на вработени	41	5	34						2				
Број на наставен кадар	32	4	26						2				
Број на воспитувачи	/												
Број на стручни соработници	3		3										
Администра-тивни работници													
Помошно-технички кадар	5	1	4										
Директор	1		1										
Помошник директор	/												
Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиштето)	/												

3.6. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

Образование	Број на вработени
Последипломски студии-втор циклус	2
Високо образование	31
Виша стручна спрема	3
Средно образование	4
Основно образование	1

3.7. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

Години	Број на вработени
20-30	2
31-40	13
41-50	11
51-60	3
61 - пензија	4

3.8. Податоци за учениците во основното училиште

Членови на комисијата за упис на првачињата во учебната 2023/24 година се: Гордана Поповска Чанговска-социолог; Ана Радосављевиќ– дефектолог;Кристина Јаневска -одделенски наставник.

Одд.	Број на паралелки	Број на ученици	Етничка и родова структура на учениците											
			Македонци		Албанци		Турци		Срби		Роми		други	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	2	25	17	8					/	/				
II	1	21	12	9					/	/				
III	1	18	8	7					1	1		1		
IV	2	27	18	2					6	1				
V	1	23	10	11					1	1				
I-V	7	114	65	37					8	3		1		
VI	2	28	11	11					2	4				
VII	2	30	13	10					2	4		**1**		
VIII	2	36	18	9					4	5				
IX	2	27	8	15					2	2				
VI-IX	8	121	50	45					10	15		1		
I-IX	15	235	115	82					18	18		2		

4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево, Чучер–Сандево,Скопје, материјално финансиското работење го спроведува согласно законот за Буџетите и буџетските корисници (Сл.Весник на РМ бр.61/02 до 170/17). Според Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ БР.28/03 до 101/13) и точка 13 од Упатството за начинот на трезорското работење (Сл.весник на РМ БР.219/18) буџетските корисници единки се задолжени да водат посебно сметководство за буџетските и посебно

за сопствените приходи ,според видот на приходите кои се остваруваат во текот на годината и соодветни сметки преку кои се вршат жиралните плаќања(уплат и исплати на тие средства).

Училиштето ги има следите жиро сметки- трезорски :

- 903 - Наменска - Сметка на основниот буџет
- 603 - Наменска -Сметка на буџет – општина
- 787 - Самофинансирачки дејности- сопствена сметка (Основен извор на приходи е закупнината од издавање училишен простор)
- 785 –Донаторска сметка(Еразмус +)

Училиштето како единка корисник на буџетски средства за да може да биде финансирано и да може да работи материјално финансиски, потребно е да изготви Финансиски план за наредната година и тоа посебно за 903- Наменски дотации и 787 – Самофинансирачки дејности. Во изготвувањето на финансискиот план зема учество – Директорот на училиштето и стручната служба на училиштето. Предлог финансиските планови се доставуваат до Училишниот одбор на училиштето. Се разгледуваат и усвојуваат. Се донесува Одлука за усвоен Предлог финансиски план за наредна година. По усвојувањето и донесување Одлука истиот се доставува до општина – Чучер Сандево –Скопје, каде Предлог финансискиот план се разгледува и одобрува на седница на Совет на општината.

5. Мисија и визија

Мисија на училиштето

„МИСИЈАТА НА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ Е ПРИМЕНА НА НАЈСОВРЕМЕНИ СРЕДСТВА И МЕТОДИ ЗА СОВРЕМЕНА НАСТАВА,СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИМЕНЛИВИ ЗНАЕЊА,ПРОМОВИРАЊЕ ЕДНАКВОСТ, РАЗНОВИДНОСТ, ПОЧИТ, ТИМСКА РАБОТА ВО САМИОТ КОЛЕКТИВ И ПОМЕЃУ НАШИТЕ ДЕЦА-УЧЕНИЦИ,АКТИВНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ,РАЗВИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ И ГРИЖА ЗА ОКОЛИНАТА.

Визија на училиштето

„МОДЕРНО, СОВРЕМЕНО, ИНКЛУЗИВНО И ЕФЕКТИВНО УЧИЛИШТЕ, ВО КОЕ УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ СТЕКНУВААТ КВАЛИТЕТНИ И ТРАЈНИ ЗНАЕЊА, КОИ ЌЕ ГИ

ПРИМЕНУВААТ ВО ПОНАТАМОШНОТО ШКОЛУВАЊЕ И ЌЕ ПРИДОНЕСАТ ЗА НИВНИОТ ЛИЧЕН РАЗВОЈ.''

6. „LESSONS LEAMED"- Веќе научено/стекнати искуства

Во текот на секоја изминатa учебна година во ООУ„Александар Урдаревски" се спроведуваат редовни анализи после секое тримесечие, како и после секоја изведена активност или училишен настан. Една од целите на овие анализи е детектирање на јаките и слабите страни и следователно, извлекување на одредени поуки кои би биле корисни и би воделе кон поуспешни реализации во иднина.

СИЛНИ ИЛИ ДОБРИ СТРАНИ НА УЧИЛИШТЕТО

- Стручен и компетентен наставен кадар подготвен за промени
- Професионално водство од менаџерскиот тим на директорот,раководниот тим
- Поголем број на наставници оспособени за работа со ИТ опрема
- Споделена визија и јасно определени цели и задачи
- Обучен тим за обука на наставници за примена на активните методи во наставата и други интерни и екстерни семинари и обуки
- Висок степен на соработка помеѓу стручната служба , директорот и наставно воспитниот персонал.
- Воспоставен систем на следење на развојот и постигнувањата на учениците на релации (стручна служба, наставници, ученици, родители)
- Развивање на филозофија на доживотно учење

СЛАБИ СТРАНИ НА УЧИЛИШТЕТО

- Обучување на наставниот кадар од областа за реализирање настава на деца со посебни потреби

7. Подрачја на промени, приоритетиицели

Според спроведената самоевалуација, Планот за развој, Годишниот извештај произлегуваат следниве приоритети за новата учебна 2023/2024 година, коишто се во тесна врска со потребите и интересите на вработените, особено со потребите на учениците и во склад со можностите на училиштето: - Подобрување на условите за работа во училиштето - Професионален развој на вработените во училиштето - Подобрување на проток на информации во јавноста. ООУ,,Александар Урдаревски,, -с.Сандево со своето

развојно планирање 2022-2026, годишниот извештај за 2022/2023 година и направена самоевалуација од 2020-2022 година ги утврди следниве подрачја на промени кои ќе бидат приоритет во новата учебна 2023-2024 година.

Приоритетно подрачје на промени	**Професионален развој на наставниците** **Опремување на училиштето**

Цели

- зголемување на професионалната компетенција и одговорност на наставниците
- усовршување на наставниците за примена на интерактивни методиионлајннастава;
- оспособување на наставниците за примена на современа образовна технологија (користење на Смарт табла)
- (користење на различни алатки и платформи)
- зголемување на учеството на домашни и меѓународни образовни проекти;
- Поголема соработка со родителите, вклучување и на Советот на родители во агитирање за присуство на родителите на отворени денови, родителски средби и на различни предавања кои ги организира училиштето на различни теми,
- Обука на тимови за давање на медицинска помош, тимови за гасењенапожаридругиелементарнинепогоди
- Промовирањеналичнитепостигањанаученицитеинаставниците
- Организирањеобукизаработасоученицитесо ПОП
- подобрување на соработката со стручни организации и институции
- обезбедување услови за обука на наставниот кадар
- обезбедувањенановаинсталацијазаподобрувањенаинтернетконекцијата
- соработкасолокалнасамоуправаинадлежниинституциизапроширувањенастручниоттим

Очекувани исходи

- Обучени наставници за изработка на личен план за професионален развој и менторска програма
- Зголемени компетенции на наставниците за излегување во пресрет на потребите на учениците
- Зголемени компетенции на наставниците Подигање на квалитетот на наставата
- Современа и поквалитетна настава
- Објективно оценување според стандарди и критериуми Изедначени критериуми за оценување

Задачи

- Поврзување на планот за професионален развој со професионалните компетенции за наставници и менторирање на новите наставници

- Излегување во пресрет на потребите на учениците
- Социјална и образовна инклузија
- Подобрување на квалитетот на наставата преку примена на современи методи и техники во наставата
- Изедначување на критериумите за оценување меѓу активите

Активности (кои конкретни чекори треба да се преземат за да се исполни поставената цел)	**Индикатори за успех** (показатели, факти, инфор-мации)	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација** (роковите треба да бидат поставени реално)	**Ресурси** (човечки, финаси-ски, матери-јални)	Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите
-обука за професионалните компетенции и изготвување на менторска програма врз основа на истите	Работни листови Личен план за професионален развој Менторски програми	Директор, социолог, тим за професионален развој	август	-работилници за професионални компетенции и менторирање - прирачници - презентации - материјали за обуките	Директор, Тим за професионален развој
-работилници за поуспешно следење на когнитивниот,социоемоционалниот и психомоторниот развој на учениците - посета на часови за поддршка на наставниците	Скала на проценка, анализи од извештаи	Тим за професионален развој		работилница за емоционална интелигенција кај детето - материјали и технички помагала за обука	Стручна служба
- обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби, талентирани и надарени	Чек листи Листи за следење на постигањата и напредокот на учениците -рефлексија на наставникот - планирањата	Стручна служба		-Стручни соработници и надворешни експерти - материјали за обука - технологија	Стручна служба директор

	на наставниците				
-Обуки за современи методи и техники во наставата - посета на часови -увид во планирањата на наставниците - состаноци на стручни активи, дискусии	формулари за посета - наставнички портфолија	Директор Стручна служба наставници		-човечки ресурси од училиштето - материјали за обука - планирања на наставниците	Директор и стручна служба
-обука на наставниците за формативно и сумативно оценување иза изготвување на објективни тестови на знаења	-наставнички портфолија - инструменти за следење на примената	Директор		-материјали за обука планирањата на наставниците	Директор Тим за оценување

7.1. План за евалуација на акциските планови

Критериум за успех:

1. Зголемен фонд на нагледни средства и помагала

2. Реализирани работилници, обуки, семинари за професионален развој на наставниците

3. Информирање на јавноста за работата на училиштето

Инструменти:

1. Фактури, каталози,записници

2. Фактури, записници

3. Електронска комуникација

Индикатори за успешност:

1. Квалитетна настава

2. Подобрени планирања на наставниците

3. Редовно информирање на јавноста за работата на училиштето

Одговорен за следење:

1. Директор

2. Директор, стручни соработници

3. Одговорен наставник

Повратна информација:

1. Полугодишен и годишен извештај

2. Извештај од Тим за професионален развој на наствници

3. Извештај од одговорен наставник

8. Програми и организација на работата во основното училиште

8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

СЕДМИЦА	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	10	11	12	13	14	14	15	16	17	18	
2023-2024	**I полугодие**																				
Работни денови	септември					октомври					ноември					декември					Вк.
понеделник		4	11	18	25	2	9	16	23	30		6	13	20	27		4	11	18	25	16
вторник		5	12	19	26	3	10	17	24	31		7	14	21	28		5	12	19	26	17
среда		6	13	20	27	4	11	18	25		1	8	15	22	29		6	13	20	27	16
четврток		7	14	21	28	5	12	19	26		2	9	16	23	30		7	14	21	28	17
петок	1	8	15	22	29	6	13	20	27		3	10	17	24		1	8	15	22	29	16
Вк.денови	**20**					**20**					**22**					**20**					**82**

			19	20	21	22	23	24	25	26	26	27	28	29	30	
2023-2024	**II полугодие**															
Работни денови	јануари					февруари					март					вк.
понеделник				22	29		5	12	19	26		4	11	18	25	
вторник				23	30		6	13	20	27		5	12	19	26	
среда				24	31		7	14	21	28		6	13	20	27	
четврток				25		1	8	15	22	29		7	14	21	28	
петок			19	26		2	9	16	23		1	8	15	22	29	
Вк. денови	**8**					**21**					**21**					

СЕДМИЦА	31	32	33	34			35	36	37	38	39	40		
2023-2024	**II полугодие**													

Работни денови	април						мај				јуни			Вк.
понеделник	1	8	15	22	29		6	13	20	27	3	10	17	20
вторник	2	9	16	23	30		7	14	21	28	4	11		20
среда	3	10	17	24		1	8	15	22	29	5	12		19
четврток	4	11	18	25		2	9	16	23	30	6	13		20
петок	5	12	19	26		3	10	17	24	31	7	14		19
Вк. денови	**19**					**18**					**11**			**98**

Месец	**Наставни денови**	**Денови кога не се реализира наставата во 2023/24 година <u>За сите граѓани на РМ</u>**
Септември	петок	8 септември - државност на Р.С.М.
Октомври	среда понеделник	11 Октомври-Ден на востанието на македонскиот народ 23 Октомври Ден на македонската револуционерна борба
Декември	петок	8 Декември – Св. Климент Охридски
Јануари		29 декември-19 Јануари зимски распуст
Април	среда	10.04.2024 Рамазан Бајрам
Април-Мај		од 29 април до 5 мај пролетен распуст
Мај	Среда понеделник петок	01.05.2024 - Ден на трудот 06.05.2024 – Втор ден Велигден 24 - Кирил и Методиј
Јуни		18.06- 31.08.2024 летен одмор

<u>За граѓаните од православна вроисповест</u>

3 Мај – Велики Петок, петок пред Велигден

21 Јуни – Духовден, петок пред Духовден

19 Јануари – Богојавление (Водици)

<u>Пролетен распуст</u> (*од 29 април до 5 мај)*

29, 30 Април и 2 Мај

ЕКОЛОШКИ КАЛЕНДАР

5 март	Светски ден за заштеда на енергија	21 март 22 март	Ден на пролетта;Ден на екологијата Светски ден за заштеда на водите
7 април	Светски ден на здравјето		

		22 април	Светски ден на планетата
15 мај	Светски ден за заштита на климата	31 мај	Светски ден против пушењето
5 јуни	Светски ден за заштита на животната средина	16 септември	Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 септември 26 септември	Меѓународен ден без автомобили Светски ден на чисти планини	04 Октомври 08 октомври	Светски ден на заштита на животните Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
15 октомври	Меѓународен ден на пешаците	16 октомври	Меѓународен ден на храната
Ден на акција на еко-училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година			

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Поделбата на часови ќе ја прави Директорот на училиштето по насоки и информации од Стручната служба (педагог, психолог и библиотекар). Вкупниот фонд на часови ќе се распредели на наставниците на кои ова им е матично училиште, за истите доколу нема доволен фонд часови ќе дополнуваат во други општински основни училишта, ќе има и такви предметни наставници кои ќе го дополнуваат својот фонд во ова училиште.

Одделенски наставници во паралелки	
КРИСТИНА ЈАНЕВСКА	Реализира наставна програма за I одд Одделенски раководител на I-а
АНА ГУРМЕШЕВИЌ	Реализира наставна програма за I одд Одделенски раководител на I-б.
ЈУЛИЈАНА ЈАКИМОВСКА	Реализира наставна програма за II одд Одделенски раководител на II
ГОРДАНА ДИМИТРИЕВА	Реализира наставна програма за III одд Одделенски раководител на III
НАТАША КИПРИЈАНОВИЌ	Реализира наставна програма за IV одд Одделенски раководител на IV-а.

ИЛИНЧЕ МИТЕВА	Реализира наставна програма за IV одд Одделенски раководител на IV-б.
ПАВЛИНКА СТОИЛКОВСКА	Реализира наставна програма за V одд Одделенски раководител на V.
САЊА ТРАЈАНОВСКА	Реализира настава во дневен престој.

НАСТАВНИК	Број на часови	Наставен предмет	Класен раководител
Зорица Силјановска	20 часа	Македонски јазик	9б
Лиле Гиевска	12 часа+дополнува	Македонски јазик	
Николина Ѓорчевска	21 час	Математика	8б
Милена Митреска	13 часа + дополнува	Математика	9а
Анѓа Живановска	20 час	Англиски јазик	
Даниела Перић	21 часа	Англиски јазик	6а
Жозефина Томашевска	8 часа	Германски јазик	
Валентина Сурловска	13 часа+ дополнува	Српски јазик	
Андријана Шегмановиќ	4 часа+ дополнува	Француски јазик	
Бојана Радосављевиќ	4 часа+ дополнува	Француски јазик	
Стефан Нешковиќ	8 часа	Ликовно образ.	6б
	2 часа	Изборен –Проекти на ликовна уметност	
	2 часа Вкупно 12+ дополнува	Унапредување на здрвјето	
Игор Беличански	8 часа	Музичко образ.	
	3 часа	хор	
	3 часа	оркестар	
	2 часа	Изборен –проекти од музичка уметнст	
	4 часа	Изборен- вештини на живеење	
Верче Славковиќ	8 часа	Хемија	8а
	2 часа	П.Н.	

	Вкупно 10+ дополнува		
Христијан Н.	12 часа	Биологија	
Благица Гогова	20	Географија	7а
		Природни науки	
		Општесво и историја	
Весна Вучковска	8 часа + дополнува	Историја	7б
Наташа Стајковиќ	6 часа	Историја	
Ирена Јошевска	4 часа	Граѓанско образ.	
	2 часа	Иновации	
	4 часа	Изборен-класична култура	
	2 часа	Етика	
	2 часа Вкупно 14+ дополнува	Општество и историја	
???	6 часа	Тахничко образование и информатика	
	2часа	Информатика	
Александар Пирковски	**18 часа**	Физичко и здрав.образ.	
	2 часа Вкупно 20 часа	Изборен предмет Истражување на родниот крај	
Виолета Згонц	6 часа	Физичко и здрав.образ.	
	3часа Вкупно 9 + дополнува	ЕСАРУ	

???	21 час	Физичко и здрав.образ.		
Сузана Станиќевска	8 часа + дополнува	Физика		

Распоредот на часови ќе биде даден во прилог. Распоредот на часови ќе го подготвува директорот и предметниот наставник- ментор Николина Ѓорчевска во координација со добиени податоци од Стручната служба.

8.3. Работа во смени

Училиштето работи во една смена.Првиот час започнува во 7 часот и 40 минути. Последниот час завршува во 13 часот.



1час 07:40-08:20

2час 08:25-09:05

голем одмор до 09:20

3час 09.20-10:00

4час 10.05-10:45

5час 10:50-11:30

6час 11:35-12:15

7час 12.20-13:00

8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

	Македонски јазик	**Албански јазик**	**Турски јазик**	**Српски јазик**	**Босански јазик**
Број на паралелки	15				
Број на ученици	235				
Број на наставници	32	/	/	1	/

8.5. Проширена програма

Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава. Прифаќање и заштита на учениците од I ,II и III одделение еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршување на редовната настава, во согласност со родителот. Заинтересираноста на родителите се утврдува на првата родителска средба со анкети.

Од минатата учебна година во училиштето се организира продолжен/дневен престој во кој ќе бидат опфатени ученици од I до III одд. Дневниот престој го посетуваат ученици по претходно добиена согласност од страна на родителите. Задачи за работа кои ќе ги реализира дневниот престој се: згрижување на учениците, создавање работни навики, самостојност, проширување на знаењата и помош за успешно совладување на наставниот материјал. Во дневниот престој учениците ќе пишуваат домашна работа, вежбаат, решаваат наставни ливчиња.. Учениците имаат можност за слободно творење по катчиња, играње со дидактички материјал, играње колективни игри, читање и пишување. Ќе се реализираат и слободни активности: читање енциклопедии, гледање и анализа на едукативни филмови, играње колективни-едукативни игри.

Име и презиме на наставникот	**Одделение**	**Број на ученици опфатени со проширена програма**
КРИСТИНА ЈАНЕВСКА	Ia	8
АНА ГУРМЕШЕВИЌ	Iб	11
ЈУЛИЈАНА ЈАКИМОВСКА	II	6
ГОРДАНА ДИМИТРИЕВА	III	4

8.6. Комбинирани паралелки

Во нашето училиште нема комбинирани паралелки.

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

	Ia/б	**II**	**III**	**IVa/б**	**V**	**VIa/б**	**VIIa/б**	**VIIIa/б**	**IXa/б**	**Вкупно**
Англиски јазик	25	21	18	27	23	28	30	36	27	235ученици во 15 паралелки

Француски јазик (втор странски јазик)	/	/	/	/	/	14	9	/	27	50 ученици во 5 паралелки
Германски јазик (втор странски јазик)	/	/	/	/	/	14	21	36	/	71 ученици во 5 паралелки
Српски јазик (изборен предмет)	/	/	13	11	9	**13**	**4**	/	/	50 ученици во 5 паралелки

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Одд	**Тандем настава по физ и здр образование**
Iаодд	Виолета Згонц и Кристина Јаневска – одд.наставник
Iб одд	Виолета Згонц и Ана Гурмешевиќ –одд.наставник
II одд	Александар Пирковски и Јулијана Јакимовска-одд наставник
III одд.	Александар Пирковски и Гордана Димитриева – одд.наставник

8.9. Изборна настава

На крајот на наставната 2022/2023 година на учениците им беа понудени изборни предмети за учебната 2023/2024година за учениците.За учениците до 6то одделение се понудени слободни изборни предмети според Новата концепција за основно образование каде што тие бираат по два предмети односно еден за прво полугодие и еден за второ полугодие.

одделение	**Наставен предмет**
IVа	1.Градинарство/хортикултура 2. Шах
IVб	1.Градинарство/хортикултура 2. Шах
V	1.Образование за животни вештини 2.Заштита на животната средина
VIа	1.Класична култура 2.Етика на религиите

VIб	1.Класична култура 2.Етика на религиите
VIIа	Вештини за живеење
VIIб	Проекти од ликовна уметност
VIIIа	Унапредување на здравјето
VIIIб	Вештини за живеење
IXа	Истражување на родниот крај
IXб	Проекти од музичка уметност

Процедура за одредување на застапени изборни предмети

Училиштето ги почитува правата и обврските на учениците при определување на изборни предмети и ги спроведува прописите поврзани со таа проблематика.Изборот на предмети кои се дел од изборната настава се спроведува според однапред одредена процедура:

- Прибирање на податоци за понудени изборни предмети од наставните планови и програми за деветгодишно основно образование (април)
- Подготвување на анкетни листови за ученици и родители од страна на стручната служба (април)
- Спроведување на анкета кај родителите (мај)
- Обработка на податоцитеод спроведената анкета (јуни)
- Презентирање на обработените податоци пред наставничкиот совет (јуни)
- Ќе се информираат учениците и родителите за застапените изборни предмети. Секако како посебна ставка при изборот се земаат просторните и кадровските капацитети со кои располога училиштето, а се во согласност со наставниот план и програма.

8.10. Дополнителна настава

Според ЗОО член 31 се организира дополнителна настава за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител, односно старател или по проценка на наставникот. Наставникот ја планира дополнителната настава согласно потребите наученицитe. За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот,односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот, односно старателот на детето во рок од три дена од констатирањето на

потребата. Основното училиштето на месечна основа изготвува распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница.

8.11. Додатна настава

Додатна настава Според ЗОО член 32, додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Додатната настава за учениците наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава. Основното училиштето на месечна основа изготвува распоред за додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница.

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Во училиштето се организира настава од еден час неделно со претходно изработени програми за работа со надарени и талентирани ученици.

Секој наставник изработува идивидуална програма за работа со надарени и талентирани ученици, со време на реализација од септември до мај во текот на една училишна година во која ќе бидат вклучени предметите за кои ученикот покажува талент и надареност, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали.

Надареноста по правило се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, физика, хемија, биологија, математика, македонски јазик, англиски јазик, германски јазик.Талентираноста се однесува на предметите во областа на уметностите, ликовно образование, музика, дизајн испорт.

Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници. Наставникот со употреба на Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици донесена од Министерството за образование и наука и разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени и талентирани ученици на различна возраст и со различни способности треба да изработи диференцирани наставни планови кои видно се разликуваат од постојните базични планови кои се задолжителни за сите ученици.

Овие наставни планови и програми подразбираат повисоко научно-теоретскониво на програмските содржини, специфичен и проширен обем на содржини, поголема длабочина на суштината и разновидност на програмските содржини и висока меѓупредметна корелативна поврзаност на програмските содржини. Наставникот преку овие наставни програми за надарени и талентирани ученици треба да е во улога на соработник; наставниот диференциран програмски курикулум да е флексибилен и прилагодлив за наставниците кон секој ученик или група на ученици.Преку практична реализација на диференцираните планови и програми како и преку практичната реализација на работните

вежби наменети за понапредните ученици би се афирмирал поквалитетен педагошки третман за овие ученици како во рамките на редовната настава, додатната настава и слободните ученички активности, како и можност за правилен развој на личноста.

Тим за работа со надарени и талентирани ученици: Николина Ѓорчевска, Даниела Периќ, Стефан Нешковиќ, Игор Беличански

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби

Воспитанието и образованието на децата и младинците со посебни образовни потреби претставува интегрален дел на единствениот образовен систем. Демократските правци во светот, кои се се поизразени, мошне позитивно се рефлектираат и врз оваа област, што е воочливо преку бројните заложби како што се: рамноправност, интеграција, модернизација, перманентност на образованиетои друго. Воспитанието и образованието на децата и младинците со посебни образовни потреби во Република Северна Македонија не се потпира врз долга традиција. Во развојниот период од шеесетина години, меѓу другото воспитно - образовниот процес се реализира според наставни планови и програми кои содржат специфичности, со што не се доведени во прашање општите образовни цели.

Актуелната концепциска поставеност на воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби е регулирана и интегрирана во Законот за основно образование и, глобално, може да се презентира како:

- крајната цел на воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби е иста или слична на оние од ,,редовната популација";

- воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби организирано е во посебни установи и училишта, посебни паралелки при редовните училишта, како и во ,,редовните класови", заедно со неговите врсници;

- задолжителноста на основното воспитание и образование се однесува на децата со посебни образовни потреби, освен за оние со умерени и тешки пречки во психичкиот развој за кои, исто така, е организиран воспитно - образовен процес, програмиран и адаптиран на нивните индувидуални можности и потреби;

- законска и стручна заложба е што помасовно овие ученици да се образуваат во местото на живеење, што значи условите да се доближат до нив, а не тие до условите, во случаи кога тоа е можно;

- децата со посебни образовни потреби ги имаат истите права на образование како и другите, согласно своите интелектуални и други можности, амбиции и интереси.

- Користење на пристапната технологија во училиштата која им овозможува на учениците со хендикеп да имаат еднакви образовни можности со нивните врсници.

Овие компјутерски програми и додатоци овозможуваат отстранување на бариерите од пристапно опкружување, од кое имаат корист сите, вклучувајќи ги лицата со хендикеп и оние без хендикеп.

- наставните планови и програми се адаптирани (модификари, редуцирани, растоварени), во различна мера, согласно видот и степенот на попреченоста.

БАРИЕРИ

- Релативно ригиден систем на образование
- Несигурност на наставничкиот кадар во сопствените можности соодветно да одговорат на посебните потреби на децата
- Тешкотии во воспоставување на квалитетна соработка со одредени родители
- Недоволна материјална опременост на училиштата со соодвети средства и помагала
- Отпор од страна на некои посебни училишта
- Негативни ставови на некои од родителите на деца без посебни потреби

ВИЗИЈА

- Зголемување на свеста на општеството за потребите на децата со посебни потреби преку електронските и печатените медиуми
- Создавање на средина за учење што ги вклучува сите
- Промовирање на инклузивната практика во локалните заедници
- Создавање на најсоодветен македонски инклузивен модел
- Зацврстување на механизми и мрежа за стручна помош (установи за рехабилитација, специјални училишта, факултети што едуцираат воспитно образовен кадар, стручни институции и здруженија)
- Ширење на мрежата со нови училишта
- Определување на модел на инклузивни градинки и училишта
- Организирање на методички работилници за планирање, следење и вреднување на воспитно образовната работа
- Следење на светските искуства и инклинирање кон истите

ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

- Оштетување на слухот (наглуви деца,глуви деца)
- Оштетување на видот (слабовидно дете,слепо дете)
- Телесна инвалидност
- Хронично болни лица (срцеви заболувања, хемофилија, дијабетис, астма, леукемија, хемиплегија, артритис, ревматизам и дијализа)
- Лица со пречки во психички развој-лесни пречки,умерени,тешка ретардација
- Аутизам
- Пречки во говор
- Деца со тешкотии во учење-дислексија,дисграфија,дискалкулија
- Деца со емоционални проблеми-хиперактивност,агресивност,незрело однесување,депресија,несоодветно однесување под нормални услови
- Стравови кои произлегуваат од образовната средина
- Надарени деца

РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Со новите законски прописи,учениците со посебни образовни потреби се почесто се вклучуваат во редовната настава.
Причини поради кои мора да се работи со овие деца:

- Согласно новиот Закон за основно образовани од 19.08.2008 бр.103/ 08 во член 51 став 1 и 2 вели: (1) Родителот има право детето со посебни образовни потреби да го запише во основно училиште,освен во случаите кога посебните образовни потреби на детето се такви што тоа треба да следи настава во посебно основно училиште (2) Начинот и условите за запишувањето на учениците со посебни образовни потреби во основните училишта го утврдува министерот,по предлог на Бирото.
- Олеснување во оваа ситуација ни дава член 42 став 9 кој гласи: Во паралелките во кои има ученици со посебни образовни потреби може да се ангажира и специјален едукатор и рехабилитатор за работа со учениците со посебни потреби

9. Воннаставни активности

Воннаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиште. При реализацијата на воннаставни активности училиштето ќе обезбеди услови и ќе настојува:

- Вклучување на сите ученици барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивниот пол, етничката припадност и социјалното потекло;
- Вклучување на учениците со посебни образовни потреби и ученици од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности;
- Учениците да се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор; и
- Учениците да имаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности.

Училиштето планира и ќе реализира разновидни воннаставни активности што ги одразува потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој, како што се на пр.:

- слободни ученички активности;
- ученички натпревари;
- ученички екскурзии;
- училишна заедница; и
- општествено-корисна и хуманитарна работа.

Во текот на учебната 2023/ 2024 година планирани се активности во следниве подрачја:

Подрачја за реализација	Време на реализација
Спроведување на СУА (слободни ученички активности) различни клубови	Во текот на целата учебна година

Спроведување на различни ученички натпревари во одделението и меѓуодделенски натпревари	Во текот на целата учебна година
Одбележување на приредби и прослави по повод значајни настани и Патрониот празник на училиштето	Во текот на целатаучебна година
Запознавање со културно-историските вредности во родниот крај	Во текот на целата учебна година
Советување на учениците за правилен однос на јавни места, кон болни и постари лица	Во текот на целата учебна година
Советување на учениците за правилен меѓусебен другарски однос и правилен однос кон вработените	Во текот на целата учебна година
Спроведување на форми и мерки за постигнување на подобар успех во учењето	Во текот на целата учебна година

9.1. Училиштни спортски клубови

Во нашето училиште во месец мај 2022 е започната постапката за основање на спортски училишен клуб. Поради промена на одговорниот наставник (пензионирање)и вработување нов постапката се уште не е завршена.

9.2. Секции/Клубови

Според наставниот план за работа изготвен од БРО, а одобрен од МОН, слободните ученички активности се реализираат со еден час неделно. Секој ученик по свој личен избор може да се одлучи да членува во една или најмногу во две секции. Слободните ученички активности имаат за цел да ги задоволат и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците, да ги развиваат самостојноста, доследноста, истрајноста, како и создавањето навики за правилно користење на слободното време. Во слободните ученички активности можат да учествуваат учениците кои имаат афинитети и интереси без оглед на успехот во наставата. Содржините на сите видови секции и слободни ученички активности ќе се планираат и евидентираат во одделенските дневници. Работата на секциите ќе се одвива по однапред изготвена програма од одделенските наставници, каде се одредени содржините за работа и времето за реализација. Знаењата добиени од работата во секциите ќе бидат презентирани на приредбите и прославите, на натпреварите и квизовите што училиштето ќе ги организира во рамките на одделението, училиштето и пошироко, а воедно и со учество на разни манифестации кои придонесуваат за подобра презентација и афирмација на воспитно-образовната дејност на училиштето,како и воспоставување на комуникација со другите училишта.

ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА -СУА

Р.б.	**Секција/клуб**	**Реализатор**
1.	Ликовна	Јулијана Јакимовска
2.	Драмско- рецитаторска	Наташа Кипријановиќ
3.	Еколошка	Павлинка Стоилковска
4.	Математичка	Кристина Јаневска
5.	Литературна	Ана Гурмешевиќ
6.	Музичка	Илинче Митева
7.	Новинарска	Гордана Димитриева
8.	Спортска	Сања Трајановска

ПРЕДМЕТНА НАСТАВА –СУА

Р.б.	**Секција**	**Реализатор**
1.	Историска	Весна Вучковска Наташа Стајковиќ
2.	Драмско -рецитаторска	Лиле Бојчевска Зорица Силјановска
3.	Научен клуб - хемија, физика и билогија	Верче Славковиќ Сузана Станиќевска Христијан Најдовски
4.	Математика,Микробит и Мултикултура	Николина Ѓорчевска Милена Мојсовска
5.	Ликовна	Стефан Нешковиќ
6.	Научна(граѓанско, географија)	Ирена Јошевска Благица Гогова
7.	Спортска	Александар Пирковски Виолета Згонц

8.	Библиотекарска/ Новинарска	Маја Тапарчевиќ
9.	Јазичен клуб (српски јазик, англиски јазик,француски и германски јазик)	Валентина Сурловска Андријана Шегмановиќ Даниела Периќ Анѓа Живановска Жозефина Томашевска
10	Музичка	Игор Беличански
11	Еколошка	Благица Гогова

9.3. Акции

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ, МАНИФЕСТАЦИИ,ПРАЗНИЦИ, ЈУБИЛЕИ

СЕПТЕМВРИ

3 Септември– Светски ден за заштита на птиците лешинари
16 Септември– Светски ден за заштита на озонската обвивка-International Day for the Protection of the Ozone Layer
18 Септември– Ден на геолозите
21 Септември– Меѓународен ден на мирот-The International Day of Peace
22 Септември– Ден без автомобили-No Car Day
Трет викенд во септември– Да ги исчистиме светот-Clean up the world
26 Септември– Ден на чисти планини
27 Септември– Ден на туризмот-World Tourism Day
28 Септември– Ден на зелена потрошувашка-Green Consumer Day
29 Септември Меѓународен ден за свесност за загуба и отпад од храна
29 Септември– Светски ден на гуските

ОКТОМВРИ

1 Октомври– Меѓународен ден на старите лица
2 Октомври– Светски ден на домашните животни
3 Октомври- Ден без отпад
4 Октомври– Светски ден за заштита на животните –World Animal Welfare Day
6 Октомври– Светски ден на живеалиштата-World Habitat Day
1-7 Октомври– Светска недела на дивите животни-World Wildlife Week
8 Октомври- Меќународен ден за намалување на уништувањето на природата
10 Октомври– Ден на благодарност за плодовите од земјата

11 Октомври– Меѓународен ден за намалување на природните катастрофи-International Day for Natural Disaster Reduction
11 Октомври Ден на востанието на Македонија
15 Октомври– Меѓународен ден на пешачењето
16 Октомври– Светски ден на храната –World Food Day
17 Октомври– Меѓународен ден на намалување на сиромаштијата
20 Октомври– Светски ден на јаболокото
Трет викенд од Октомври– Ден на хранењето на птиците-Feed the Birds Day
23 Октомври- Ден на македонската револуционерна борба
24 Октомври– Ден на Обединетите Нации – UN,World Developement Information Day
31 Октомври– Ден на Црното Море

НОЕМВРИ

Ноември– Месец на борба против зависностите
1 Ноември– Светски ден на вегетеријанството-World Vegetarian Day
3 Ноември– Светски ден на чистиот воздух-World Pure Air Day
4 Ноември– Ден на климатските промени
6 Ноември– Ден на урбаните област
7 Ноември– Ден на науката
8 Ноември– Светски ден на урбаната технологијата/урбаната животна средина
13 Ноември- Ден на ослободување на Скопје
17 Ноември- Ден на општина Чучер-Сандево
17 Ноември– Светски ден на непушачите
17 Ноември– Ден на еколошкото движење-The Environmental Movement Day
20 Ноември– Светски ден на правата на детето-Children's Day
29 Ноември – Меѓународен ден на биодиверзитетот
29 Ноември– Ден на борба против трговијата со крзно-Fur Free Friday

ДЕКЕМВРИ

1 Декември– Ден на борба против сидата-World AIDS Day
3 Декември– Светски ден на борба против ловот/ Меѓународен ден на лицата со попреченост
5 Декември– Ден на волонтерите-International Volunteer Day
8 Декември- Свети Климент Охридски
10 Декември– Ден на човековите права –World Human Rights Day
11 Декември– Меѓународен ден на планините –International Mountain Day
29 Декември– Ден на биолошката разновидност

ЈАНУАРИ

26 Јануари– Светски ден на образованието за заштита на животната средина –World Environmental Education Day

ФЕВРУАРИ

2 Февруари– Светски ден на водените живеалишта –World Wetlands Day
4 Февруари – Чествување на Гоце Делчев
9 Февруари- Меѓународен ден на птицата
11 Февруари-Меѓународен ден на девојките и жените во науката
14 Февруари– Светски ден за зачувавање на енергијата –World Energy Day/ Денот на виното/ Денот на љубовта
18 Февруари– Меѓународен ден на биолошката контрола – International Day of Biological Control/ Меѓународен ден на батеријата
21 Февруари-Меѓународен ден на мајчиниот јазик

МАРТ

5 Март– Светски ден на енергетската ефикасност
8 Март-Денот на жената
10 Март– Ден без чад
14 Март– Меѓународен ден против браните, за реките, водата и животот –International Day against dams and for rivers, water and life
15 март– Светски ден на заштита на потошувачите –World Consumer Rights Day
19 Март– Светски ден на ластовичките
21 Март– Светски ден на шумарството-World Forestry Day**,** Ден на пролетта кога започнуваат активностите на околината
21-28 Март – Денови на пролетта за заштита на околината
22 Март– Светски ден на водите –World Water Day
23 Март– Светски ден на метрологијата –World Meteorological Day
27 Март– Час за нашата планета

АПРИЛ

1 Април- Денот на шегата
7 Април– Светски ден на здравјето –World Health Day
19 Април – Ден на велосипедизмот
22Април– Светски ден на планетата Земја–Earth Day
19 Април-Светски ден на книгата
24 Април– Светски ден за заштита на животните од експерименти над нив
26 Април– Ден на чернобилската катастрофа
26 Април– Ден на обновливи извори на енергија
26 Април– Светски ден на кучињата водичи
30 Април– Меѓународен ден за заштита од бучава

МАЈ

1Maj– Светски ден за заштита на носорозите
2 Maj– Светски ден на делфините
3 Maj– Светски ден на сонцето

5 Maj-Ден на македонскиот јазик и македонската азбука
8 Maj-Денот на штркот
9 Maj– Меѓународен ден на птиците-International Birds Day
10 Maj– Ден на одржливиот развој
12 Maj– Светски ден на фер трговија–World Fair Trade Day
14 Maj– Светски ден на птиците преселници
15 Maj– Меѓународен ден за заштита на климата–Climate Day/Меѓународен ден на семејството
20 Maj– Меѓународен ден на здрави градови
22 Maj– Светски ден за заштита на биодиверзитетот –International Day of Biological Diversity
24 Maj– Европски ден на парковите
28 Maj– Светски ден на пеперутките
31 Maj– Светски ден на борба проотив пушењето-International No Tabacco Day

ЈУНИ

5 Јуни– Светски ден на заштита на животната средина-World Environment Day

10. Ученичко организирање и учество

Современото училиште е училиште по мерка на детето. За да биде така, учениците треба да бидат вклучени на различни начини и на различни нивоа на одлучување за сите нешта кои нив ги засегаат во училиштето. Тие може да партиципираат во скоро сите домени од училишното живеење, како што се оние поврзани со наставата, воннаставните активности, односите меѓу учениците, односите со возрасните, физичките услови во училиштето. Учениците може да партиципираат на индивидуално или на групно ниво кога ги застапуваат личните или интересите на цела група. Притоа, во нашето училиште посебно водиме сметка за еднаквоста и рамноправноста на сите ученици независно од полова, етничка, верска припадност, независно од нивото на нивен развој, талентираност или попреченост во развој.

1.Членови на ученички парламент
2. Изборот на Претседателството на Ученички Парламент
3. Задачи на Ученичкиот парламент
4.Цели на ученичкиот парламент
5. Годишен план за работа на ученичкиот парламент

Формирање и функционирање на ученички парламент

Современото училиште е училиште по мерка на детето. За да биде така, учениците треба да бидат вклучени на различни начини и на различни нивоа на одлучување за сите нешта кои нив ги засегаат во училиштето. Тие може да партиципираат во скоро сите домени од училишното живеење, како што се оние поврзани со наставата, воннаставните активности, односите меѓу учениците, односите со возрасните, физичките услови во училиштето.

Учениците може да партиципираат на индивидуално или на групно ниво кога ги застапуваат личните или интересите на цела група. Притоа, во нашето училиште посебно водиме сметка за еднаквоста и рамноправноста на сите ученици независно од полова, етничка, верска припадност, независно од нивото на нивен развој, талентираност или попреченост во развој.

1.Членови на ученички парламент

Членови на ученички парламентсе сите претходно избрани претседатели од сите паралелки во училиштето. Дополнително, може да биде член и ученик кој посебно се истакнал во промовирање на училиштето, или има покажано лидерски способности, а не е избран како претседател во некое од одделенијата. Од овие ученици по пат на демократски избори се избираат членови на Претседателството на Ученичкиот парламент. Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање. Претседателот има еднаков статус како и другите членови, освен што добива дополнителна задача да ги организира и води состаноците, како и да комуницира со другите ученици и возрасни во училиштето. Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање. Другите членови на претседателството добиваат други задолженија како записничар, благајник и слично.Задачите на Ученичкиотт парламент во голема мера зависат од актуелните потреби на училиштето.

2. Изборот на Претседателството на Ученички Парламент

Изборот се врши со претходно обучување на избирачите по пат на усно информирање, информативни плакати, формирање на комисија за избор,изборна кампања и ден на избори. Ученичкиот парламент се состанува задолжително еднаш месечно во однапред одредени термини и со него раководи Претседавачот на Претседателството. Според потребите може да се закажуваат и дополнителни состаноци. Претседателството на Парламентот усвојува сопствена програма, која е во согласност со законските надлежности, а обезбедува активно учество во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците; го промовира ученичкиот активизам, учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности, учествува во подготовката на годишната програма за работа, дава предлог активности за годишните програми за екскурзии; дава предлози за воннаставни активности на училиштето; дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард; учествува во евалуацијата на работата на училиштето; преку свои претставници учествува во клучните седници на советот на родители, наставничкиот совет и училишниот одбор;

3. Задачи на Ученичкиот парламент

- изнесува и застапува мислење на учениците
- ги информира учениците

- учествува во донесување одлуки важни за учениците
- помага во разрешување на конфликти
- иницира и спроведува активности
- иницира и поддржува проекти
- иницира, организира и активно учествува во акции, манифестации и др

4.Задачи на Записничарот на Ученичкиот парламент

Записничарот се бира пред почеток на состанокот со доброволно пријавување на член од Ученичкиот парламент, согласно интересот и желбата. Записничарот треба да поседува способност за внимателно следење на состаноците и притоа записникот да биде конкретен со внимателно селектирана суштина. Записничарот води листа на присутни и истата ја става во прилог на записникот. Записникот треба да се достави до сите засегнати страни во рок од 1-2 дена по завршување на состанокот.

Дневниот ред на состанокот на ученичкиот парламент треба да ги содржи сите точки за дискусија. Истиот треба да биде достапен до сите членови со најавата за наредниот состанок. Дневниот ред се донесува од страна на Претседателството на Ученичкиот парламенмт во координација со училишните служби.

4.Цели:

активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците

- ги промовира ученичките активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- преку свои претставници учествува во советот на родители
- преку свои претставници учествува на наставнички совет
- организира и учествува во хуманитарни активности,
- организира и учествува во еколошки активности
- организира и учествува во општествено корисна работа
- учество во сите воннаставни активности
- активно учество во сите училишни акции
- водење грижа за подобрување на успехот
- развивање на одговорност кај учениците
- учество во работата на училишните секции
- збогатување на културно - забавниот живот во училиштето
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето

Ученички првобранител

Според членот 68, став 8, Законот за основно образование препознава ученички правобранител, чија улога е да „се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето“. Ученички правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето. За да се обезбеди поголемо вклучување во различни одделенија, се препорачува освен ученички правобранител да се изберат и (најмалку) двајца негови заменици. Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител и неговите заменици ќе биде составена од две примарни компоненти:

1. Промовирање на детските права.

2. Поддршка за заштита на детските права.

Секој ученик од училиштето може да поднесе жалба/поплака/претставка, доколку смета дека е повредено некое негово право. Формата за претставка треба да биде достапна на веб-страницата на училиштето и кај ученичкиот правобранител. Пополнетата претставка се доставува до ученичкиот правобранител или до некој од неговите заменици. Доставувањето може да биде по електронски пат или лично. Ученикот правобранител поседува посебна електронска адреса (e-mail), којашто ќе му ја обезбеди училиштето. Адресата е наведена на веб-страницата на училиштето и е поставена на видно место на огласната табла на училиштето. Доколку оној што пријавува повреда на некое право сака да контактира лично со ученичкиот правобранител, може да оствари директна средба со него. По состанокот се заклучува дали треба да се пополни претставката и да се достави официјално. Претставката може да биде потпишана и да содржи лични податоци на подносителот (индивидуална), да ги содржи околностите, фактите и доказите врз кои се темели претставката или претставката може да биде анонимна. Исто така, претставката може да биде групна (од повеќе ученици или цела паралелка или одделение). Ученичкиот правобранител во секој момент може да побара помош и да се консултира со наставник, претставник на стручните служби. Доколку претставката е од посериозен карактер и не може да се реши во рамките на надлежноста на стручната служба и директорот на училиштето, ученичкиот правобранител заедно со стручните служби воспоставува контакт со Заменикот народен правобранител задолжен за детските права за да го запознае со случајот и заради утврдување на понатамошните насоки.

Избор на ученички правобранител

Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање. Поради конзистентност и одржливост на моделот, се препорачува мандатот на ученичкиот правобранител и неговите заменици да биде 2 години (освен кога за ученички правобранител е избран ученик од деветто одделение, тогаш мандатот е една година). По завршувањето на мандатот, училиштето му доделува сертификат на ученичкиот правобранител за одредениот временски период.

11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

За реализација на излетите, екскурзиите и посетите ќе се одберат места, локалитети и објекти понудени во Правилникот за екскурзии и слободни ученички активности. Произлезените локации ќе бидат изготвени од Стручниот Тим на училиштето.

Стручен тим кој ја изработува програмата за екскурзии:

1. м-р Сузе Велковска Радевска-директор
2. Гордана Чанговска-социолог
3. Милена Мојсовска- одделенски раководител 9 одд
4. Даниела Перић-- одделенски раководител 6 одд
5. Павлинка Стоиловска- одделенски раководител 5 одд
6. Гордана Димитриева- одделенски раководител 5 одд

Воспитно образовни цели:

- Да се запознае својата татковина инејзините природни убавини, да се засака за во иднина да може ученикот да сегрижи за неа и соодветно да се заштитува.

1. Содржини:

- релјефни карактеристики
- хидрографски карактеристики
- климатски карактеристики
- историски локалитети како сведоштво за минатото на народот.

2. **Активности:**

- да ги запознаат различните растенија во Повардарието
- да сликаат попатно со цел да можат да изготват видео запис, да направат албум за посетените места;
- да подготват соодветни теми за локалитетите, личностите и настани од минатото и истите да се обработат со користење на ИКТ на часовите по историја.

3. **Задачи:**

- воочување на композитната долина на реката Вардар
- препознавање на релјефни форми- клисура, котлина
- воочување разлика меѓу Е -75- европски пат и регионален пат
- директен контакт со природно езеро, запознавање со неговите убавинии неговото стопанско значење.
- воочување и согледување на факторите за развивање на туризмот воМакедонија.
- учениците да споредуваат, анализираат, опишуваат дебатираат за настани од историјата
- да посетат историски локалитет, прават т –табела за сличностите и разликите во животот на луѓето во минатото и денес.

А. ЦЕЛИ:

1. Совладување и проширување на знаењата;
2. Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина;

Запознавање со природните убавини, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во поблиската и поширокатa околина, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Активност	Време на изведување	Релација	Одделение
Еднодневен есенски излет	октомври	Средно Водно	II– IX одд.
Еднодневен пролетен излет	мај	Св.Атанасиј с.Глуво	I – IX одд.
Тродневна екскурзија	мај	Скопје-Велес-Прилеп-Битола-Охрид-Вевчани -Кичево-Гостивар-Тетово-Скопје	IX одд.
Дводневна екскурзија	мај	Скопје –Куманово-Крива Паланка – Пробиштип-Радовиш-Дојран-Струмица-Велес- Скопје	VI одд.
Настава во природа	мај	Скопје-Велес-Прилеп-Битола-Охрид-Вевчани -Кичево-Гостивар-Тетово-Скопје	V одд
Еднодневна екскурзија	мај	Маврово	III одд.

12. Натпревари за учениците


Ученички натпревари

За афирмација на училиштето и сопствено афирмирање во училиштето ќе се организираат ***натпревари*** преку квизови, смотри, спортски натпревари и сл. Организирањето ќе се одвива по повод датуми и поводи значајни за училиштето, локалната средина и поширокатa околина. Училиштето кое континуирано вложува

во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна клима создава и ученици кои ќе го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува спред афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот и надвор од него. Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои ги поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството.

План за натпревари:

Одделенска настава	- Ноември ,Март и Април на ниво на училиште по предметите: природни науки, македонски јазик, математика, физичко и здравствено образование - Мај: општество и природни науки, математика - Меѓуодделенски натпревари
Предметна настава	- Меѓуодделенски натпревари– Ноември - Учество на натпревар во експерименти „Месец на наука“ – Ноември - Меѓуодделенски натпревари– Декември - Училишни натпревари– Февруари - Општински натпревари– Март - Иновативни наставници, Март - Април - натпревар по англиски јазик - организатор - Колеџ -Јахја Кемал - Регионалени натпревари– Април - Државени натпревари– Мај - Физичко и здравствено образование - спортски активности за патронатот на училиштето - Ликовен конкурс за патронатот на училиштето - Еколошки натпревар, Април - Оркестарски смотри, Април/Мај - Меѓуодделенски натпревари– Мај - Ораторство, Мај



13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција. Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците задолжително изработува план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите. Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата. Партнер

училиштеза реализација на мултикултурни активности **е ООУ„Михаљ Грамено“- с. Брест, Скопје и ООУ,Св. Кирил и Методи’’ с.Кучевиште**

Целта на овие активности е да се подобрат меѓуетничките односи во образованиот систем, да се придонесе во унапредувањето на мултикултурализмот во образованието и да се развива почит и толеранција кон различните од себе, размена на културните и верските вредности. Најважно е Подобрувањето на меѓуетничката комуникација и надминување на етничките, културолошките и јазичните препреки.

Во рамките на програмата за „Меѓуетничка интеграција во образованието“, наставниците низ низа презентации, работилници, самостојни и групни активности ги запознаваат учениците со основните елементи на мултукултурното и мултиетничко општество. Програмата се надградува со понатамошни активности кои ги вклучуваат учениците, родителите, наставниците, како и поширокатa заедница.

Координатор: Николина Ѓорчевска

Членови на Тимот за училишна интеграција:Маја Тапарчевиќ, Павлинка Стоилковска, Благица Гогова, Стефан Нешковиќ

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи со кои преку реализирање на проекти ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата. Во нашето училиште се рализират следните проекти:

•**Математика со размислување** Програмата е заснована брз опсежно истражување за тоа како децата најдобро учат математика и како наставниците да реализираат квалитетна настава по математика која ќе овозможи подобрување на знаењата кај учениците. Преку разни техники, стратегии и методи учениците пресметуваат не само прецизно туку и флексибилно, на повеќе начини, учениците имаат можности да видат како математиката има смисла, а тоа подразбира учениците да ја разберат математиката.

•**Јазична писменост во почетните одделенија** Програмата има за цел преку квалитетна настава по мајчин јазик со примена на нови стратегии да се подобрат постигнувањата кај учениците, во читањето и во описменувањето. Учениците се поучуваат на вештините и концептите коишто ќе бидат практикувани во наставата за да станат учениците добри читатели и пишувачи.

•**Поврзување на еколошката програма со редовната настава**. Целта на оваа Програма е рационално користење и намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија, наводата, здрава средина за учење и уреден и функционален училишен двор во согласност со потребите за заштита на животната средина. Ќе се

реализира преку интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите и наставните содржини од I-IX одделение преку имплементирање на активности на часовите во редовната настава и ВНА, а ќе се вклучат сите субјекти во училиштето, родители, локална самоуправа и други институции.

•**Заедничка грижа за правилно насочување на учениците** Целта на овој проект е преку разни активности да се зајакне врската родител – ученик - наставник, со што во образовниот систем ќе се започне со зајакнување на воспитната компонента во процесот на основното образование.

• **Еразмус**, еТвининг Преку оваа платформа наставниците имаат можност да комуницираат, соработуваат, да дебатираат, да иницираат и развиваат проекти во кои се вклучени и учениците, да споделуваат знаења, искуство, активности и добри практики од цела Европа и пошироко. Воедно нуди и стручно усовршување на наставниците преку вебинари. Активностите на етвининг поттикнуваат соработка меѓу европските училишта со примена на разни ИКТ алатки достапни на етвининг платформата и изработка на виртуелни проекти. Нашето училиште тековно е вклучено во Еразмус проектот КА229 My Roots.

- **ПРОЕКТ: ,,Предизвикот за млади истражувачи #5 – ЗЕЛЕНИ ПРОЕКТИ”**

Целта на овој проект е да ги поттикне учениците слободно да размислуваат и да наоѓаат креативни решенија за проблемите и прашањата со кои се соочуваат, но и да се поттикнат наставниците и учениците да ги препознаат своите способности, да ги усовршуваат своите вештини и да соработуваат во насока на остварување на заеднички цели.

- ***ПРОЕКТ: ,,Нула отпад”***

Целта на овој проект е да ги поттикне учениците за правилна селекција на отпад. Електронскиот отпад и отпадните батерии се опасен отпад и како правилно да ги селектираме е дел од едукативната работилница на која секое дете доби кантичка за селекција на отпадните батерии за дома, сликовница и тетратка од Суперхеројот Нула.

Во училиштето е поставена инфраструктура од садови за отпадни батерии и ситен електронски отпад а донирани се 4 компјутери на принципот на реупотреба, донација од општествено одговорната компанија БТ Македонија.

- **ПРОЕКТ: ,,Инклузија на деца со ПОП***”*

Целите на овој проект сеследните:

- Обезбедување грантови за избраните училишта за подобрување на пристапноста на училиштата, набавка на асистивна технологија и нагледни средства за работа, посета на специфична обука,

организирање настани за привлекување на бизнис заедницата и сл. (секоја година по еден грант за секое училиште);

- Обезбедување стипендии за деца со надминатa возраст и со посебни образовни потреби од неповолни социјално економски семејства;
- Обуки за менаџментот и наставниот и стручен кадар на теми инклузија, интеркултурализам, детски права и родова еднаквост;
- Обезбедување грантови за имплементација на стекнатите знаења од областа на интеркултураизам, детски права и родова еднаквост;
- Работилници за родителите на децата со и без посебни образовни потреби за инклузија, интеркултураизам и детски права;
- Организирање инклузивни активности за зајакнување на соработката помеѓу основните и училиштата со ресурсен центар/центри за поддршка;
- Одржување редовни менторски и мониторинг средби за надминување на предизвиците поврзани со концептот на инклузија;
- Организирање јавни настани, дебати, конференција за споделување на искуства, предизвици и постигнувања во областа на инклузивноста.

- **Проект „ЗАЕДНИЧКА ГРИЖА ЗА ПРАВИЛНО НАСОЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ“ Координатор:** Гордана Поповска Чанговска
  Зорица Силјановска-член
  Милена Мојсовска-член
  Александар Пирковски -член
  Андријана Шегмановиќ-член
  Виолета Згонц-член

- **Проект „УЧИЛИШТЕ БЕЗ НАСИЛСТВО“**
  Координатор: Игор Беличански
  Гордана Димитриева
  Гордана Поповска Чанговска -член
  Павлинка Стоилковска-член
  Ирена Јошевска-член
  Весна Вучковска-член

- **Проект„ Отворено граѓанско образование“**

  Координатор:Ирена Јошевска

Програми кои се реализираат во нашето училиште:

- **Програма „АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ “**
- Ирена Јошевска-Координатор
  Весна Вучковска- член
  Кристина Јаневска-член

- **Програма за „МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО УЧИЛИШТЕТО“**
  Николина Ѓорчевска - Координатор
  Маја Тапарчевиќ -член
  Стефан Нешковиќ-член
  Павлинка Стоилковска-член
  Благица Гогова-член

- **Програма „ЕКО УЧИЛИШТЕ“**
  Координатор: Благица Гогова

  Наташа Кипријановиќ-член во еко одбор
  Јулијана јакимовска -член во еко одбор,
  Верче Славковиќ -член во еко одбор
  Стефан Нешковиќ -член во еко одбор
  Сања Трајановска-член во еко одбор

15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Од страна на социологот се прават споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, како и на постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик и др. Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај, споредбени резултати со претходните годинии др. Постигнувањата на учениците од минатата учебна година по наставни предмети се дадени во следната табела:

Предмет	Вк.број ученици	**5**	**4**	**3**	**2**	**1**	**неоц**	**Среденуспех**
Македонски јазик	**164**	89	40	30	5	0	/	4.30
Математика	**164**	53	41	46	24	0	/	3.75
Англиски јазик	**164**	91	35	32	6	0	/	4.54
Француски Јазик	**55**	36	5	12	2	0	/	4.36
Германски јазик	**63**	53	9	1	0	0	/	4.65
Ликовнообр.	**164**	150	7	3	21	0	/	4.85
Музичкообр.	**164**	134	24	5	1	0	/	4.77
Географија	**113**	53	25	24	11	0	/	4.06
Историја	**113**	75	19	16	3	0	/	4.47
Граѓанско	**47**	20	10	10	7	0	/	3.91
Биологија	**83**	22	7	41	13	0	/	3.46
Физика	**47**	30	9	8	0	0	/	4.47
Хемија	**47**	19	6	10	12	0	/	3.68
Физичко и здр. обр.	**164**	162	0	2	0	0	/	4.97
Природнинауки	**81**	29	16	22	14	0	/	3.74
Вештини на живеење	**34**	32	2	0	0	0	/	4.94
Информатика	**66**	38	18	8	2	0	/	4.39
Етика	**39**	14	11	6	5	0	/	3.64
Иновации	**20**	14	6	0	0	0	/	4.7
Проектиодликовно	**49**	48	0	1	0	0	/	4.96
Техничкообр.	**67**	46	12	6	3	0	/	4.50
Српски јазик	**22**	20	2	0	0	0	/	4.90
Градинарство	**14**	14	0	0	0	0	/	5.00
Природни непогоди	**28**	27	0	1	0	0	/	4.93
Запознавање на религиите	**30**	16	6	7	1	0	/	4.23
Историја и општество	**51**	27	10	10	4	0	/	4.18
Цртање/сликање/вајарство	**23**	19	2	0	2	0	/	4.65
Оригами	**23**	19	2	0	2	0	/	4.65

Наставниот и стручниот кадар во училиштето континуирано работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците. Наставниот кадар овие напори ги вложува на ниво на лично планирање, со воедначување на ниво на активи, кај кои подобрата организација во овој изминат период дава резултати во вид на олеснета и засилена соработка и размена на искуства и материјали меѓу членовите, што ја подобрува базата на наставни материјали од најразличен вид, објективни тестови, итн. Следењето на постигањата на учениците е исто така засилено и со подобрен квалитет. Во поглед на мотивираноста, учениците ја сфаќаат важноста на објективното оценување и континуитетот во работењето за подобрувањето на постигањата. Наставниците од предметна и одделенска настава изготвуваат и применуваат Критериуми за оценување на успехот на учениците. Успехот на учениците им е достапен на родителите во секое време во електронскиот дневник. Во училиштето е донесен **Правилник за пофалби и наградување на ученици** и согласно овој Правилник се избира ученик на генерација, се наградуваат ученици кои постигнувале континуиран одличен успех во текот на основното образование и ученици кои придонеле за афирмација на училиштето. За мотивација на учениците ќе се врши промовирање на постигнувањата и активностите во училиштето во јавноста со посредство на медиуми (фејсбук профил на училиштето, веб-страница на училиштето, други веб страни кои промовираат образовни содржини и сл.). На сите ученици кои постигнале добри резултати на натпреварите, на Денот на училиштето, директорот им доделува пофалници за постигнати резулатати и промоција на училиштето

15.2. Професионална ориентација на учениците

Во училиштето е формиран тим за професионална ориентација кај учениците. Членови на тимот: Гордана Поповска Чанговска, Ана Радосављевиќ, Милена Мојсовска, Игор Беличански,Зорица Силјановска.

Училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште, педагогот во училиштето користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализира програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение, која на предлог на Бирото, ја утврдува министерот. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање. Со

учениците ќе бидат разгледани предавања, разни стручни и пропагандни материјали од средните училишта, разгледување Конкурсот за упис во државните средни училишта, приватните колеџи и др. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование. Доколку постојат можности ќе се организира посета од страна на учениците на поедини средни училишта, или да се обезбедат предавачи кои ќе ги запознаат учениците со разни струки и занимања. Се следи уписот на учениците во средните училишта преку повратна информација од средните училишта каде се запишани нашите ученици податоците се доставуваат до МОН и ДПИ.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето преку тимот за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и превзема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на училиштето е должен да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во училиштето, до надлежните институции утврдени со закон. Во соработка со родителите и релевантни институции ќе се спроведуваат активности во училиштето во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за подобрување на социоемоционалната состојба на учениците. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците. Воедно тимови од МВР за учениците од одделенска настава вршат обука за однесување на учениците во сообраќајот.

16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Одделенија	Вид на оценување и календар на оценување
I – III	Описно преку цела година
IV – VI	Комбинирано (тримесечие, полугодие – описно; на крај година – бројчано)
VII – IX	Бројчано преку цела година

Министерот, на предлог на Бирото, ги утврдува националните стандарди за учениците во основното образование, базирани на компетенции кои учениците треба да ги стекнат и усвојат на крајот на основното образование. Националните стандарди за учениците во основното образование го определуваат првото ниво на Националната рамка на квалификации. Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето. Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки. Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки. Ученикот на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки. Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки. Ученикот на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех. Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки. Ученикот на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех. Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити. На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ги дефинираат во нивните годишни тематски и дневните планирања. Се користат форми, методи на следење, инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...) Секој наставник води досие за ученици и портфолио на наставник. Досието за ученици содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Портфолиото на наставникот содржи дел од изработките на учениците, планирањата и превземените активности

за реализација на редовната настава и воннаставните активности. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие. Ученикот од прво заклучно со петто одделение, по правило, не може да го повторува одделението. Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка до два предмета се упатува на поправен испит. Остварувањето на стандардите на постигнувања во текот на основното образование се проверува со државно тестирање кое се спроведува од страна на Државниот испитен центар. Ученикот е должен да учествува во државното тестирање. Резултатите од државното тестирање не влијаат на оценките, односно на општиот успех на учениците. Училиштата учествуваат во меѓународни тестирања спроведени од Државниот испитен центар, по претходна согласност од министерот. На секои три години во училиштето се врши интегрална евалуација за работа на училиштето од страна на Државниот просветен инспекторат, согласно закон. Интегралната евалуација во делот на следењето на квалитетот на работата на училиштето ги опфаќа областите согласно прописите од областа на просветната инспекција.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето се формира тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандардии критериуми за оценување. Се утврдува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени, се утврдува начин на информирање на родителите и учениците за овие прашања. Следењето и проверувањето ќе се реализираат преку непосредни педагошки увиди, изготвување извештаи, анкетирање, анализи, информации, периодични писмени согледувања, полугодишен и годишен извештај и слично, нивно разгледување на состаноците на стручните органи и тела и донесување заклучоци и ставови по истите. Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот и стручната служба. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот и стручната служба изработуваат план за посета на часови во текот на целата учебна година, изработуваат инструменти за следење на редовни часови, часови на додатна и дополнителна настава и часот на одделенскиот раководител со цел да се види реализацијата на воспитната компонента во наставата. Сите забелешки и препораки од остварената посета се приложуваат кон професионалното досие на наставникот.

16.4.Самоевалуација на училиштето

Квалитетот на работата на училиштето се мери преку самоевалуација, интегралната евалуација и надворешни мерења на постигањата на учениците, како и оценување на работата на наставниците и директорите, кои се вршат согласно закон. Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование, спроведува самоевалуација на целокупната работа,изготвува извештај по спроведената самоевалвација по која се определуваат јаките и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на работата. Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Самоевалуацијата ги опфаќа особено следниве области:

- организација и реализација на наставата и учењето;
- постигањата на учениците;
-професионален развој на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и на раководниот кадар;
- управување и раководење;
- комуникации и односи со јавноста;
-училишната клима и култура;
- соработката со родителите и со локалната средина.

Комисијата составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите која по предлог на директорот ја формира Училишниот одбор, изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата кој го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот. Училишниот одбор и директорот треба да постапат по предлогот на мерките на комисијата. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето го доставува до Државниот испитен центар. Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува План за развој. Последната самоевалуација е спроведена на крајот од наставната 2020/2022 година.

17.Безбедност во училиштето

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се пружи прва помош.Реализирани се неколку Вежби за евакуација од земјотрес

со нус појава пожар во соработка со Црвен крст Чаир и Противпожарно друштво Бајрам Мифтари.

18. Грижа за здравјето

Составен дел на училишната програма заземаат содржините поврзани со здравјето на учениците. Цел на програма за унапредување на здравјето е формирање на психички,социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Грижата за здравјето на учениците во училиштето е обврска на сите вработени и се води грижа на три нивоа:

- физичко здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;

- ментално здравје го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;

- социјалното здравје ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година во наставата.Предавања и разговори на часот и со надворешни стручни лица во врска со превентивата од болестите на зависност и други содржини со кои се изградува свеста кај учениците за здрав начин на живеење.

18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето како и на целокупниот инвентар и наставни нагледни средства, при тоа се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. За одржување хигиената во училиштето се грижи техничкиот пресонал. Училиштето преку редовни училишни еко акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши еднаш во годината од надлежни институции како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

18.2. Систематски прегледи

Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи согласно закон. Училиштето задолжително го информира родителот односно старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи. Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи, стоматолошки прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и хигиената на училиштето. Оваа програма за грижа за здравјето на учениците ја реализираат сите вработени во

училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители, Поликлиника Чаир - оддел за училишна возраст, Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница. Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците. Училиштето има соработка со Центарот за јавно здравје и редовно се одржуваат предавања од стручни лица на теми кои се во интерес на заштита на здравјето кај учениците.

18.3. Вакцинирање

Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните вакцинации согласно закон. Училиштето задолжително го информира родителот односно старателот на ученикот за спроведувањето на редовните вакцинации. Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи, стоматолошки прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и хигиената на училиштето. Оваа програма за грижа за здравјето на учениците ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, служба, ученици, родители, **Поликлиника Чаир - оддел за училишна возраст,** Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето во текот на цела учебна година континуирано реализира едукативни предавања за здрава храна како преку редовните наставни содржини така и преку соработка со стручни лица од таа област во вид на предавања, трибини и работилници. Училиштето секоја година во рамките на Програмата „Еко- училиште“ реализира активности од кампањата „Здрава храна“. Учество земаат учениците, родителите, наставниците со изработка на штанд на здрава храна во училишниот хол. Кампањата има за цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителитеи локалната заедница.

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Во текот на учебната година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима. Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е

пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците во училиштето, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Исто така, без исклучоци се почитува Куќниот ред на училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. За надминување на проблемите во поведението и дисциплината континуирано се водат разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и со родител со цел подобра дисциплина и воспоставување на работната атмосфера на часовите. При изрекувањето на педагошките мерки се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото се со цел негова подобра функционалност и удобност при тоа водејќи сметка за мулти-културализмот во училиштето. Во сите училници за ентериерот се грижат наставниците и учениците, додека за уредувањето на холот и ходниците одговорен е Тимот за естетско уредување. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците со што се овозможува непречена реализација на наставата.Членови на Тимот за естетско уредување на училиштето се Јулијана Јакимовска, Зорица Кајевиќ, Игор Беличански и Наташа Кипријановиќ.

19.3. Етички кодекси

Училиштето во рамките на своето работење има изготвено Етички кодекс за однесување на наставниците, Етички кодекс за однесување на учениците, а некои од начелата за етички кодекс на вработените во училиштето опфатени се и во рамките на одредбите од куќниот ред на училиштето како и етички кодекс за однесување на родители кои се составен дел на училишната документација и пракса. Етичките кодекси се разгледани и усвоени од Ученичката заедница, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор. Училиштето има изготвено Еко-кодекс кој содржи различни еко-пораки за заштита и унапредување на училишната средина и поширокаата локална средина. Ја дефинира целата мисија на училиштето и претставува заеднички став односно правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. Еко-кодексот е изработен од учениците, наставниците и родителите и е изложен во холот во училиштето.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби.За подобрување на училишната клима и односите во училиштето може да се организираат заеднички состаноци-работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата, а ќе се организираат и заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Во училиштето постои соработка и корелативни врски меѓу сите постоечки структури (раководен орган, стручни соработници, стручни активи, училишен одбор, совет на родители, технички персонал, и др.) Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените и ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничка припадност, верата и потеклото) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

20.Професионален и кариерен развој на воспитно –образовниот кадар

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот. Тимот за професионален развој на образовниот кадар направи анкета за професионалната подготовка и стручност на наставниот кадар во која наставниците ги изнесоа своите потреби од дополнителни обуки. Секоја година наставниците и стручната служба, како и директор задолжително изработува свој **Личен план за професионален развој** според стандарди и компетенции за директор/наставници/стручни соработници, а потоа на ниво на стручни активи се изработува една Годишна програма на училиштето за професионален развој.

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите на наставниците за професионален развој се утврдуваат на состаноците на стручните активи, а истите произлегуваат и како слаби страни од направената Самоевалуација на училиштето.

Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисеминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи.

Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите.

20.2. Активности за професионален развој

Училиштето организира најразлични работилници, обуки и семинари кои ќе понудат активности со цел стручно усовршување на наставниците и стручната служба. Притоа се изготвуваат и акциони планови, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или проекти, се поднесуваат извештаи, а исто така се врши и евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој. Тука значаеан дел земаат советувањата и стручните подготовки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот процес, но и училиштето кое самостојно спроведува интерно стручно усовршување на образовниот кадар. Во однос на Личниот план за професионален развој на директор/стр.служба/наставник секој според планираните активности ќе ги надоградува сопствените компетенции за квалитетна настава.

20.3. Личен професионален развој

Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето подразбира следење на наставниците како и нивно вреднување преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Во личен професионален развој вклучено е и мотивирањето на наставниците во насока на учество на обуки и семинари, добивање сертификати и слично. Меѓу другото, тука се вбројува и посетата на конференции, средби од регионален или државен карактер, како и свои пишани и објавени текстови и статии во стручна литература. Секој наставник и стручна служба изготвува свој личен план за професионален развој според одредени стандарди и компетенции.

20.4. Хоризонтално учење

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови. Во тој поглед училиштето треба да подготви акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците.

Создавањето на услови за кариерен развој во наставнчката професија значително ќе го промени односот на наставникот кон сопствениот професионален развој. Професионализацијата на наставниците е предуслов за унапредување и квалитет и затоа е потребно воведување и развивање на концепт за професионален развој на наставниците. Личниот професионален развој, перманентно стручно усовршување, едукација ќе овозможи имплементирање современо и квалитетно образование и ќе формира училишна заедница отворена за сите.

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

ООУ ,, Александар Урдаревски” го спроведува проектот ,,Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ според кој се предвидува активно учество на родителите во работата и животот на училиштето и тоа : заедничко организирање наставни часови и предавања со наставниците, учество во организирање и реализација на екскурзии и излети, преземање активности од спортски, културен, едукативен и забавен карактер. Целта е да се зајакне врската родител-ученик-наставник. Родителите соработуваат со наставниците и другите субјекти во училиштето не само преку индивидуални и заеднички средби, туку и како активни членови во работата на Советот на родители и Училишниот одбор и комисии . Воспоставува ефективни механизми за комуникација и континуирано унапредување на соработката со семејството.Соработува со Советот на родители заради поголема вклученост на родителите во животот и работата научилиштето.

Основни задачи на училиштето што оваа учебна година ќе бидат поставени, ќе се однесува на остварувањето на разновидни општествени, културни и образовни активности за подобрување и унапредување на соработката со семејството. Предвидено е таа да се реализира преку следните програмски подрачја:

Во животот и работата на училиштето

Совет на родители со претходно изготвена програма за работа:

-детектирање на состојбите во училиштето и дефекти, поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа,

-учество на родителите во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите,

- организирање на распоред за средби со родители и отворен ден за прием кои ќе бидат истакнати на огласна табла и др.

Во процесот на учење

-Вклучување на родителите со нивни мислења и сугестии за дополнувања и измени на секаков вид планирања,

-Нивна информираност за наставниот процес преку континуирана соработка со Советот на родители,Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба, учениците.

-Семејна поддршка кон наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и поддршка за соработка за напредување на учениците–таленти.

Во активностите во училиштето Иницијатива за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации,промоции и др.

Во донесување одлуки

-Вклучување и партиципација на родителите во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки и тоа преку Советот на родители, Училишна заедница, Училишен одбор.

Едукација на семејството

-Организирање на едукативни работилници за родители, типизирани предавања (трибини, дебати, семинари и работилници) и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, училишни весници.

-Советодавно-консултативни работилници – индивидуални и групни посети на семејства и др.

Изработка на брошура за родители

- Формирање на тим за подготовка и реализација на брошурата, се дефинира времето на нејзино печатење и се предвидуваат потребните финансиски средства.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите имаат можност да дадат свој придонес во насока на унапредување на воспитно-образовната работа на училиштето така што заедно со наставниците ќе планираат и релизираат наставни часови од одредни теми блиски за нив и во согласност со нивната стручна подготовка, ќе учествуваат во организирање на разни работилници, трибини и дебати, ќе помогнат при набавка и обновување на нагледни и технички средства, помагала и материјали.Училиштето има воспоставено механизми за редовно прибирање повратни информации од семејствата во насока на подобрување на квалитетот нанаставата.

Во активностите воучилиштето

Училиштето планира и овозможува вклучување на родители во одделни сегменти од воспитно-образовниот процес (здравствена заштита, почитување и прифаќање на различностите, меѓуетничка интеграција, професионална ориентација, јавна и културна дејност, претприемништво...).Оваа година родителите ќе придонесат и за поуспешно реализирање на разни воннаставни активности, натпревари, екскурзии, забави за учениците, приредби, хепенинзи, работни акции, промоции и други манифестации.

Во донесување одлуки

Во учебната 2023/24 година се планира да продолжи соработката со Советот на родители каде секое одделение има свој преставник во сите сегменти на воспитно образовниот процес . Советот на родители ќе партиципира во давање идеи, предлози и донесување на одлуки во интерес на наставно воспитниот процес во училиштето.Ќе учествува во комисии каде се одлучува избор на агенции за изведување на екскурзии,составува мени за исхрана на учениците по касап систем.Со својте претставници во Училишен одбор учествува во донесување на годишната програма за работа на училиштето,програма за екскурзиите и други слободни воннаставни активности,донесува правилници и статут научилиштето.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукација насемејството се организира преку типизирани предавања, работилници за родители, вклучување во проекти и хуманитарни акции, училишен весник, соопштенија, брошури, флаери и сл. Исто така се организираат и советодавни работилници, индивидуалнии групни средби , посета на семејства организирани од одделенски раководител и/или училишен педагог и советувања за родители согласно Законот за основно образование.

Во учебната 2023/24 година се планира да се организираат едукативни работилници за родители, за одредени активности и теми кои се реализираат во нашето училиште.

Изработка на брошура зародители.

Со почетокот на учебната година училиштето изготви Училишен информаторза целокупната работа во училиштето и брошура која ќе им биде доставена на родителите од прво одделение и претставниците на Советот на родители. Меѓу другото, Советот на родители се грижи за обезбедување на парични и материјални средства преку разни видови на спонзорства, за осовременување на наставата, изведување на ученички екскурзии, награди за учениците, односно за севкупно подобрување на условите за работа.

Советот на родители се грижи за обезбедување на средства за ученици кои се социјално загрозени како и за други работи кои се од интерес за училиштето а пред се на учениците.

1. Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците. Успехот, поведението и редовноста на учениците ќе се разгледува најмалку на секои три месеци, за што Советот ќе дава свои заклучоци и предлог мерки, за подобрување на истиот.

2. Обезбедување и заштита на училиштето и учениците.

3. Активности од културно забавниот живот на учениците.

4. Финансиска поддршка и донации.

5. Друга соработка и активности

Советот на родители активно ќе учествува во соработката со Советите на родители од други средни училишта на ниво на општина

22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Локална заедница

Ова програмско подрачје го планираме со цел да ги ставиме сите ресурси на локалната средина во функција на училиштето, а кои се од интерес за воспитно образовната работа. Преку ова подрачје ги остваруваме следните задачи:

-искористување на материјалните можности на локалната средина за унапредување на дејноста на училиштето;

-збогатување на воспитно -образовната работа како резулат од искористување на можностите на институциите од областа на културата, спортот и сл;

-организирање на заеднички културно -уметнички,образовни спортски и други манифестации со другите училишта од општината;

-збогатувањена воспитно -образовната работа како резулат на размена на знаења , мислења и искуства со наставниот кадар од другите училишта од општината;

-Училиштето со локалната заедница воспоставува усна, пишана и електронска комуникација, се предвидуваат состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето.Се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности,комуникација со медиуми и др. Се воспоставува соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво -

Институции од областа на културата

- Училиштето ќе воспостави комуникација со институции од областа на културата: библиотеки, музеи, театри, кино-сали и друго. Учениците ќе учествуваат на литературни, ликовни конкурси, ќе реализираат посети на културно-историски споменици, музеи, изложби и слично. Задолжително се планираат и се следат објавени конкурси за учество во проекти и натпревари на кои ќе учествуваат учениците под менторство на наставниците и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, Дом на култура, кино-сали.

Институции од областа на образованието

- Се планира соработката со МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината, овластен општински инспектор, други основни и средни училишта и факултети и др. Во соработка со другите училишта и оваа година планираме да ја продолжиме досегашната соработка со основните училишта во општината и пошироко. Соработката на спортските активности и натпревари на општинско, регионално и републичко ниво е исто така планирана активност за соработка со други училишта. Помошта која ни е потребна при стручно усовршување на наставниците, планираме да ја побараме од стручните соработници, самостојните советници при БРО и МОН.

Невладини организации

- Училиштето ќе соработува со невладини организации на реализација на проекти одобрени од локалната заедницаСе планира соработка со невладините организации со кои ќе соработува училиштето и активностите кои ќе ги спроведе училиштето, пр. Детска амбасада, СОС- центри, Младински културни центри, еколошки друштва и др.

Спортски друштва

- Училиштето ќе соработува со фудбалски, ракометни, атлетски, кошаркарски, и др. спортски друштва кои ќепројавата интерес. Училиштето ќе продолжи да соработува со спортски клубови во кои членуваат наши ученици.

Здравствени организации

- Училиштето ќе соработува со одредени здравствени организации заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените, пр. медицински центар, центар за социјални грижи, фонд за здравство, осигурителни компании(осигурителните компании се на доброволна база) и др. Заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците училиштето ќе соработува со Поликлиниката Чаир, Институт за јавно здравје, Црвен Крст , Фондот за здравство, Осигурителна компанија за осигурување на учениците. Во соработка со Институтот за јавно здравје и други здравствени организации ќе се организираат едукативни предавања. Со невладината организација „Хера“ — од областа превенција од користење на наркотични средства и од областа на хумани односи меѓу половите.

Медиуми

- Сите активности и настани кои се случуваат во училиштето ќе се промовираат во соработка со дневниот печат и медиумските куќи.Училиштето ќе соработува со одредени локални ТВ станици, локални радиостаници, весници и др., Училиштето ќе одреди лице за контакт со медиуми кои ќе има за задача да формира тим и да организира настани и нивна промоција пред медиумите и јавноста - училшни флаери (за постигања, упис на првачиња, училишен весник итн.) Со цел промоција на училиштето преку пишани и електронски медиуми редовно ќе се информира јавноста за сите активности поврзани со реализација на програмата за Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем. Како и изминатите години така и оваа учебна година училиштето ќе остварува плодна соработка со Македонската телевизија учествувајќи во нивните училишни емисии. Во училишниот хол ќе се постави еко пано преку кое ке се информираат учениците, наставниците, останатите вработени, родителите и сите оние кои го посетуваат училиштето за сите активности кои се реализираат во нашето училиште. Исто така, јавноста континуирано ќе биде информирана за училишните случувања преку FB-профил https://www.facebook.com/home.php, училишната веб-страница https://ooualeksandarurdarevski.edu.mk/, и веб-страна на општината https://cucersandevo.gov.mk/

23.Следење и евалуација на имплементацијатана годишната програма за работа на основното училиште

		Година 2023/24																
		Временска рамка (месец)													Следење			
Задача	**Активност**	**9**	**10**	**11**	**12**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**7**	**8**	**Носител**	**Начин на спроведување**	**инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорни лица**	***+**	**Потребен буџет**
Подготовка на програмите и акционите планови	Проверка на изготвените програми и акциони планови	*											*	Стручни соработници и координатори на тимови	координатори на тимови Проверка на изработените програми и акциски планови врз основа на однапред дадени насоки за изработка	Чек листа	Правилно изготвени програми и акциони планови според дадените насоки за изработка	Директор, стручни соработници		
Следење на реализацијата на програмите и акционите планови	1. Спроведување на активности зададени во програмите и акционите планови 2. Одржување на состаноци со координаторите, стручните соработници и раковод	*	*	*	*	*	*	*	*	*	*	*	*	Директор, стручни соработници и координатори на тимовите	Реализација на различни активности и одржување на состаноци	Извештаи од спроведени активности и записници од состаноци	Навремена и целосна реализација на планираните активности	Директор, стручни соработници		

	ната служба																		
Евалуација на програмите и акционите планови	Анализа и евалуација на спроведените активности зададени во програмите и акционите планови						*				*			Директор, стручни соработници и координатори на тимовите	Врз основа на поднесените полугодишни и годишни извештаи се прави анализа и евалуација за реализацијата на програмата	Извештаи и анализи од спроведената евалуација	Навремена и целосна реализација на планираните активности	Директор, стручни соработници		

24. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

За изработка на годишната програма на ООУ„Александар Урдаревски“, с.Сандево,за учебната 2023-2024 година, се формира училишна комисија за изготвување на годишната програма за работа на основното училиште во следниот состав:

- м-р Сузе Велковска Радевска- директор
- Гордана Чанговска-социолог
- Маја Тапарчевиќ-библиотекар
- Ана Радосављевиќ-Специјален едукатор и рехабилитатор
- Игор Беличански- предметен наставник
- Викторија Варсаќевска -ученички парламент

25. Заклучок

Информациите во програмата се методолошки и хронолошки подредени според Правилникот за изготвување годишна програма за работа на основните училишта, искуствата од реализација на годишна програма од минатата учебна година и во корелација со развојниот план. Наставнички совет дава мислење по предлогот на Годишната програма за работа на училиштето и го следи нејзиното извршување. Училишен одбор ја предлага Годишната програма за работа на училиштето до Основачот, кој ја донесува до 15 август во тековната учебна година за наредната учебна година. Донесената Годишна програма за работа основното училиште ја доставува до БРО и ДИЦ најдоцна до 15 септември во тековната учебна година во електронска форма. Низ прецизниот преглед на состојбите во училиштето, процесот на наставата и резултатите од воспитно-образовната работа, одредувањето на приоритетите и активностите, Годишната програма за работа на училиштето

претставува водич за остварување на предвидените цели и индикатор на динамиката за развојот на училиштето во целина. Реализацијата на Програмата во својата суштина ги вклучува сите сегменти на воспитно-образовниот процес, соработката и комуникацијата помеѓу сите субјекти, тежнеење кој постојано унапредување на квалитетот на образованието со цел да се задоволат потребите и интересите на секој ученик, како и грижа за добросостојбата на учениците.

26. Користена литература

- Развојна програма на училиштето
- Самоевалуација на училиштето
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма на основното училиште
- Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година
- Закон за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година)
- Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година)
- Законот за работни односи (Службен весник на РСМ, бр. 62/05; 106/08; 161/08; 130/09; 50/10; 52/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15; 72/15; 74/15; 129/15; 167/15; 27/16 и 120/18 година)
- Закон за вработени во јавниот сектор (Службен весник на РСМ, бр. 27/14; 199/14; 27/16 и 35/18
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа наосновното училиште, бр. 18-6579/1 од 6.7.2020 година
- Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишниактивности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година
- Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната идодатната настава во основните училишта, бр.12-4095/1 од 23.3.2020
- Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развојна наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, бр.18-4000/1 од 18.3.2020 година •
- Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основнитеи средните училишта по подрачја, бр.18-3999/1 од 18.3.2020 година
- Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниотсоработник во основните и средните училишта, бр.18-3998/1 од 18. 3.2020 година
- Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување нанатпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државниво во основното образование, бр.18-6573/1 од 6.7.2020 година
- Правилник за дополнување на правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката евиденција во основните училишта бр. 18-3564/2 од 25.02.2021

- Правилник за начинот на оценување на учениците со попреченост бр. 18-2447/1 од 09.02.2021
- Правилник за следење и вреднување на работата на наставниците бр. 18-15334/1 од 30.12.2020 г.
- Програма за професионална орентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта бр. 12-11595/1 од 20.10.2020
- Правилник за професионалните компетенции за директор на основните училишта бр. 12-11597/1 од 20.10.2020
- Правилник за дополнување на правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-11297/1 од 15.10.2020
- Стандарди за професионално однесување на стручните соработници во основните исредните училишта
- Стандарди за професионално однесување на наставниците во основните и средните училишта
- Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиштево Република Северна Македонија
- Концепција за воннаставни активности во основното образование
- Концепција за инклузивно образование
- Упатство за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки иразлични одделенијаза настава во продолжен престој на ученици од различнипаралелки и различни одделенија
- Упатство за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка
- Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било одформите на насилство, злоупотреба и занемарување 63
- Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права воосновните училишта
- Водич за работа на училишниот инклузивен тим
- Наставните планови и програми од БРО
- Концепцијата за деветгодишното образование

Дата:10.08.2023 година

Директор:

_____
м-р Сузе Велковска Радевска

Претседател на УО:

_____
Марина Пршевска

ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Прилог 1. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

Работата на директорот треба да е насочена кон унапредување на сите сегменти на воспитно образовната работа и целосно остварување на целите и задачите на воспитанието и образованието.

Директорот ги врши следниве работи: - го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законито работење, - ја организира, планира и ја води работата на основното училиште, - ја следи и унапредува воспитно-образовната работа во училиштето, - подготвува Развојна програма на училиштето, - подготвува предлог на годишна програма за работа и извештај на училиштето, - е одговорен за реализација на годишната програма за работа, - е одговорен за остварување на правата и обврските на учениците, е надлежен за пријавување на кој било облик на насилство, злоупотреба и занемарување сторено врз ученик, до надлежните институции утврдени со закон, - врши избор на наставници, стручни соработници и друг административно-технички кадар согласно закон и актите на училиштето, - врши распоредување на наставници, стручни соработници и друг административно-технички кадар, - одлучува за престанок на работен однос на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно закон и колективен договор, - врши контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја на наставниците и стручните соработници, - поттикнува, следи и организира стручно оспособување и усовршување на наставниците и стручните соработници, - организира менторство за наставниците-приправници, стручните соработници-приправници, воспитувачи-приправници, присуствува на часови во наставата согласно планот за посета на часови од годишната програма за работа на училиштето, за што составува препораки и забелешки од остварената посета кои се приложуваат кон професионалното досие на наставникот и ја следи работата на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и ги советува, - ја следи работата на училишниот педагог, психолог и другите стручни работници, ги известува родителите односно старателите за работата на училиштето и за измени на правата и обврските на учениците, - одлучува за воспитните мерки, - ја организира и следи работата на училишниот инклузивен тим и други тимови во училиштето, - ја следи работата на стручните органи во училиштето, - ја поттикнува и следи работата на заедницата на учениците, - обезбедува извршување на одлуките на училишниот одбор, - ја донесува систематизацијата на работните места на училиштето, - одлучува за склучување договори за работните односи, - го формира училишниот инклузивен тим, - покренува постапка за дисциплинската одговорност на вработените во училиштето, - се грижи за соработката на училиштето со здравствената установа во општината и - врши други работи согласно закон и статутот на училиштето.

Пред да отпочне со планирањето и програмирањето на својата работа, директорот најпрво треба да ги проучи и анализира сите услови, состојби со цел да се

здобие со соодветни познавања и квалитетни оценки за она што треба да биде приоритет во планирањето. Директорот треба да ја организира воспитно-образовната работа во училиштето. Од него зависи организацијата и реализацијата на сите подрачја на надворешната и внатрешната структура на наставата, а индиректно и работата на наставниците.

Програмата за работа на директорот е интегрален дел на програмата за работа на училиштето. Но, ако појдеме од фактот дека директорот е главниот носител на таа програма, сосема е разбирливо дека програмата за работа на директорот е камен - темелник на кој се потпираат сите други програми, спојница која ги поврзува и надоврзува сите поединечни програми.

Директорот како педагошки раководител во училиштето, во функција на таа примарна компонента, предметот и содржината на својата програма за работа глобално ја структуира во две основни групи на работа и тоа:

- **административно организаторска и**
- **педагошко - инструктивна.**

	Административно-организаторскаработа
1	**Административнаработа**
	Финансиска
	Материјална
	Нормативна работа (проучувањезакониипрописи)
	Извршување увид
	Давање помош
	Вреднување и корекција
2	**Организационо-техничкосредувањенаучилиштето**
	Функционалност н аучилници, работилници, спорт. терени, библиотекаидр.
	Претплата и користење на стручна литература, педагошки списанија и весници, ученичка лектира, Наставни средства и учебни помагала.
	Планирање и организација на ученички екскурзии од научен и рекреативен к-тер.
	Планирање посети на музеи, театри, изложби и слично
3	**Административно-правнаработа**

	Работа со органот на управување
	Помош при изработка на нацрт-акти и слично
4	**Документација и евиденција**
	Водење педагошка документација
	Персонални досиеа за наставниците
	Документација за планирање на воспитно-образовната работа
	Документација за следење на воспитно-образовната работа
	Документација за истражувања и испитувања извршени во училиштето
	Документација з аизвршени посети на часови
Педагошко-инструктивна работа	
1	**Концепциско–програмско**
	Изготвување на оперативна програма на активности за период јуни-август
	Утврдување на општите состојби во училиштето за остварување на дејноста
	Изготвување на предлог-распределба на одделенските раководства и распределба на часови
	Изготвување на програма за работа на Наставничкиот совет и стручно усовршување на наставниците
	Изготвување на Годишна програма за работа на Директорот
	Помош на наст. во изготвување на годишните Глобални и тематски планирања
	Изготвување на Годишна програма за работа на Училиштето
	Изготвување распоред на часови и слободни ученички активности
	Вложување во унапредување на климата за работа
	Соработка со стручни органи
2	**Следење на организацијата и реализацијата на наставно – образовната работа и друга стручно педагошка работа во училиштето**
	Увид во годишните и тематските планирања и програмирања на наставата и воспитнообразовната работа
	Преглед на одделенските дневници и матични книги со осврт на истите
	Увид, следење, насочување и водење евиденција за изработка на дн. Планирања

	Увид, контрола и следење на остварување на стручните оперативно-организациски, материјално-техничките и дидактичко-методските подготовки за реализација на наставната и воннаставната активност
	Посета на часови и посета на часот на одделенскиот раководител со цел да се види реализацијата на воспитната компонента во наставата
	Посета на часови за додатна и дополнителна настава Остварување на задолжителни разговори, консултации Советување и давање помош на наставниците за подобрување на состојбите
	Насочување и следење на активности тевоврска со интензивирање на воспитната функција на училиштето
3	**Работа со наставници – педагошки увид во наставата**
	Запознавање со општопрограмска структура посебно со измените и дополнувањата во настевните планови и програми
	Непосредна стручна методско – дидактичка помош во реализацијата
	Непосредна стручна помошна наставник почетник
	Следење и вреднување на работата
	Советодавна работа со наставници, ученици и родители
	Увид во дневните подготовки на наставниците за часови
	Посета на часови (редовни, дополнителни, додатниидр. активности)
	Анализа на часовите и консултации со наставниците
	Следење на реализацијата на планот за унапредување на училишното оценување.
4	**Работа со стручни органи во училиштето**
	Запознавање со соодветните законски акти за дејноста
	Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет и реализација на програмските задачи
	Помош во планирање и реализација на задачите на одделенските совети
	Помош, учество, давање насоки за работа на стручните активи
	Помош, следењенареализацијаначасотнаодделенскиотраководител
	Запознавање со соодветните законски акти за дејноста
	Редовно следење на литература за организацијата на работа на стручните органи во училиштето.
	Редовно присуство на сите седници на стручните активи во училиштето.

	Поттикнување стручни и целосни расправи по сите прашања кои се на дневен ред на состаноците.
	Подготвување и водење на седниците на Наставнички совет и настојување да се реализираат донесените заклучоци.
	Поднесување извештаи пред Наставнички совет за превземените мерки во врска со унапредувањето на ВОР во училиштето.
5	**Работа со ученици и ученички организации**
	Индивидуален контакт
	Помош во конструирање и работа на ученичките организации
	Помош во работата на новодојдените ученици и надарени ученици
	Работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување
	Работа со ученици кои покажуваат слаби резултати
	Насочување и давање помош во организирање на културно забавниот и спортскиот живот на учениците
	Давање иницијатива за реализацијата на зимски и летни одмори на учениците
	Поттикнување за естетско уредување на просторот во училиштето
	Поттикнување на соработка со локалната средина
	Поттикнување на соработка со културни институции и организации од локалната средина (кино, театар, библиотека, музичко училиште, пионерски дом и сл.)
6	**Следење и разрешување на карактеристични воспитно-образовнипро блеми и други негативни појави во работата на училиштето**
7	**Аналитичко-студиска работа и осовременување на воспитно-образовната работа**
	Анализа на годишните глобални и тематски планови на наставниците
	Увид во дневните подготовки на наставниците
	Изработка на анализи, извештаи на постигнатите резултати во работата на Училиштето
	Упатување на наставниците во аналитичка работа во наставата и останатит еобласти
	Изготвување информации: за работа на ученичките организации, за одржување натпревари на учениците за соработка содр. воспитно-образовни институции
8	**Соработка со стручни служби во училиштето и стручни институци и надвор од Училиштето**
	Учество во работата на стручниот соработник во училиштето при програмирање, следење и контрола над работата
	Соработка со МОН, БРО и локалната заедница на Р. Македонија
	Соработка со стручни организации, друштва и институции

	Обезбедување на стручно усовршување на наставниот кадар преку семинари, курсеви, консултативни состаноци, следење евиденција и увид во резултатате
	Следење на активностите на наст. Во рамките на “Учење и наставана 21 век”
	Изготвување на Училишно планирање за унапредување за оценувањето за учебната 2021/2022 г.
9	**Перманентно стручно педагошко-психолошко усовршување на наставниот, воспитниот и друг стручен кадар**
	Грижа за обезбедување на Училиштето со неопходна стручна литература како и поттикнување за користење на истата
	Упатување на воспитно-образовниот кадар на стручно усовршување на двор од Училиштето (повратно информирање за ефектите од советувањето)
	Непосредна стручна помош во реализацијата на наставните содржини
	Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување
10	**Работа со наставници, воспитувачи и стручни соработници**
	Запознавање со општата програмска структура, посебно со измените и дополнувањето на наставните планови и програми
	Непосредна стручна, методско-дидактичка помош во реализацијата
	Непосредна стручна помош како и воведување во задачите на наставниот предмет што го предава: наставник-почетник воУчилиштето
	Давање поддршка во работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување и послаби резултати во учењето
	Насочување и помош во организирањето на културно-забавниот живот на учениците
	Помош во организирање на зимување и летување на учениците
11	**Соработка со родителите на учениците**
	Непосредно вклучување на родителите во процесот на реализацијата на плановите и програмите во училиштето.
	Планирање, програмирање и грижа за реализација на задачите за работа на СР
	Планирање, подготовка и реализација на соработката со родителите
	Помош во планирање и реализација на состаноците со родителите
	Организирање и координирање на активности за информирање на родителите
	Непосредно учество во педагошкото образование на родителите
	Индивидуални и групни средби и разговори со родителите

	Откривање на родители кои можат да се вклучат и придонесат во реализирање на одредени активности
	Редовно информирање на родителите од животот и работата на училиштето, непосредно и посредно преку одделенските раководители.
	Навремено запознавање на родителите со редот во училиштето
12	**Други работни задачи на директорот**
	Постојано обезбедување материјално-технички услови за работа
	Следење и увид во финансиско-административното работење во училиштето
	Грижа за хигиената во училиштето
	Следење на законските прописи
	Работа со управните органи
	Подготовка и учество во седниците на УО и неговите комисии и тела.
	Подобрување на климата во училиштето

По потреба Годишната програма за работа на директорот на училиштето може да претрпи промени во склоп со актуелни тековни проблематики и информации од воспитно образовната дејност

ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ
Учебна 2023/2024 год.

Програмска Содржина	Очекувани резултати	Соработници и комуникација	Време на реализација
Организација на животот и работата во училиштето, распоред, задолженија и дежурства на наставниците и целиот персонал	Подготовка за успешен почеток на учебнатаг одина.	Стручни активи, Стручни соработници, Наставници, Активи	Август
Изготвување акциони планови за постапување по препораките од Комисијата за Самоевалуација 2020/22година.	Унапредување на квалитетот на работата на училиштето	Директор, Стручни активи, Стручни соработници, Наставници, Активи	Август/септември
Доопремување на кабинетите со ИТ опрема и нагледни средства	Унапредување на квалитетот на работата на училиштето	Стручни активи, Стручни соработници, Наставници, Активи	Август/септември
Формирање училишен инклузивен тим (измени во неговиот состав)	Формиран училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште	Директор Училишен инклузивен тим	август
Формирање инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (ИОП) или по модифицирана наставна програма	Формиран инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (ИОП) или по модифицирана наставна програма	Директор Инклузивен тим на ученик	Август/Септември
Соработка со Локалната самоуправа, Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието на РМ	Да се увидат и применат сите новини и промени	Министерство за образование, Педагошки завод и претставници на Министерството	Август/Септември

Насоки и координација во планирањето и програмирањето	Планирањето и програмирањето да се изврши квалитетно според наставниот план и програм	Директор, Стручни соработници	Август/септември
Увид и учество во подготовките за прием на учениците во училиштето , особено организирање на програма за прием на првачињ	Да се одбележи почетокот на учебната година.	Стручни активи, Стручни соработници, Одделенски раководители	август Септември
Предлага комисија за спроведување самоевалуација до Училишниот одбор	Да се оцени работата на училиштето за период од две години	Директор, Училишен одбор, Наставнички совет, Совет на родители	Септември
Свикување на првиот состанок на ученичкиот парламент	Да даде подршка на учениците членови на ученички парламент	Директор, одговорни наставници, ученици претставници на ученички парламент	септември
Вмрежување на ученичките парламенти на ниво на Општина	Зајакнување на демократската партиципација и меѓуетничка интеграција на учениците	Директор, одговорни наставници, ученици претставници на ученички парламент	септември
формирање тим за училишна интеграција за период од три години,	Формиран тим за училишна интеграција	Директор, 7 члена на тимот и тоа претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител и социолог,	Септември
Реализација на целта	вклучување на сите ученици во воннаставните активности според нивните интереси и потреби			X	X	X	X	X	X	X	X	Сите наставници Сите ученици	- хартија - компјутер - компјутерска опрема - и други според потребата	Фотографии, дипломи, изработки	Активно учество сите ученици во воннаставните активности според нивните интереси и потреби	

2.АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРИОРИТЕТ: **Подобро следење на онлајн настава со учениците што подолго време отсуствуваат од настава во училница, или заради друга оправдана причина на пошироко ниво - држава**

2023/2024 година							
Временска рамка							
Задача	активност	Временска рамка	носител	ресурси			

		9	10	11	12	1	2	3	4	5	6			инструменти	Очекувани резултати	Следење - одговорно лице
Следење на учениците кои подолго време отсуствуваат од настава	Изработка на листа за отсуство на ученицит е	X										информатичари	хартија, компјутер, принтер, интернет	Изготвени и одговорени прашалници или анкети од наставниците.	Квалитетно реализирање на наставата	Дијана, Гокмен
Формирање на тим за помош на наставници кој има уч. што подолго време е отсутен	Изготвување на скратена програма за реализирање на онлајн настав		X	X X									хартија, компјутер, принтер, интернет	програма за реализирање на онлајн настава		
Обука за одржување на онлајн настава	Одржување на обуки или работилници.				X	X	X	X	X	X	X	др.стручни лица, МОН	onlineплатформи, смарт тв или интерактивна табла	Список на наставници што следат/имаат потреба од обука		

Година 2023/2024															
Задача	активност	Временска рамка										носител	ресурси	инструменти	очекувани резултати	следење - одговорно лице
		9	10	11	12	1	2	3	4	5	6					
Промовирање на дигитални алатки	- согледување на потребата кај одредени наставници за користење на дигитални алатки	X	X	X	X					X		наставници кои имаат потреба од обука за далечинско учење	Компјутер, интернет,веб страна на нашето училиште,интернет платформи	Податоци од интернет	Подобрување на способноста за користење на дигитални алатки за далечинско учење	МОН Директор Стручни соработници
Користење на дигитални платформи	- Поставување на наставни содржини на дигитални платформи	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	Сите наставници од одделенска и предметна настава	Компјутер, интернет, ,	Податоци од наставните програми	Достапност на наставните содржини на сите ученици	

Креирање на Е-портфолио	Изработка на е-портфолио за учениците	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	Сите наставници од одделенска и предметна настава	Компјутер, интернет,	Податоци од реализираните активности на ученицит	Следење на ученици кои подолго време се отсутни	

Прилог 34:ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОД

Вовед

Секоја професија има свои барања и специфичности. Разновидноста на професиите соодветствува со разлиноста на психофизичките способности кај поединците. Најчесто во секојдневниот живот професијата се идентификува со работно место, но има и разлики. Работата е резултат на личната активност, ангажираност, а професијата е оспособеност на човекот да извршува некоја работа.

Целиот процес на професионална ориентација има само советодавен карактер, а конечната одлука за тоа како и каде ученикот ќе го продолжи школувањето го донесуваат семејството и ученикот, иако се присутни определени исклучоци.

Професионална ориентација

Целта на професионалната ориентација е да им се помогне на учениците да се одлучат да го продолжат школувањето и да се насочат кон професиите, кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички способности и во која професија ќе имаат најмногу изгледи за добра прилагоденост.

Процесот на професионална ориентација е сложен процес и во себе ги содржи следниве фази:

-професионално информирање

-професионално советување

-евалуација-следење на остварената советување

Професионално информирање

Целта на професионалното информирање е ученикот да се запознае со сите релевантни карактеристики и особености на професијата која би можел да ја избере.

Професионално советување

Професионалното советување е психотераписки процес со кој се дејствува врз формирањето на личноста на ученикот и се применува континуирано низ целото основно образование, со особено акцентирање во осмото одделение.

Евалуација-следење

Третата фаза на професионалната ориентација се одвива во периодот кога учениците не се веќе во основното училиште туку во некои од средните училишта, каде што се продолжува со следење на учениците.

Програма за професионална ориентација

Содржина	Цел	Време на реализација	Реализатор	Ефект
Информирање на учениците со поимот и целта на професионално информирање и орентирање	Правилно сваќање и разбирање на поимите	март	Стручна служба	Успешна орјентација
Презентација за учениците од преставници на поединиучилишта за услови и критериуми за упис	Согледување на условите	март-април	социолог	Помош при одлучување
Посета на средни училишта - државни и приватни	Запознавање со условите	тековно	стручна служба	Согледување на условите
Стручно предавање за учениците и родителите„Улогата и значењето на правилниот избор на занимање”	Сваќањенаважностанаиулогатаприизборнаиднозан.	март	социолог	Откривањенаонаштоенајбитноприодлуката
Разговори со ученици и родители во врска со уписотспоред резултатите од тестот	Запознавање со резултатите	мај	социолог	Помош и соработка
Изработка на ученичко пано- видови струки и занимања	Информираностзамре- жатанаср.учили.	мај	Социолог библиотекар	Информираност на сите ученици
Соработка со Заводот за Професионална орентација	Успешна реализација	март-мај	стручна служба	Успешна соработка
Соработка со Бирото за развој на образование.	Помош при избор на	Континуирано	Стручна служба	Успешна соработка
Соработка со центарот за професионален развој Советодавна работа со учениците	Правилен избор на идното занимање	Март-април	Стручна служба	Успешна соработка

Прилог 35:ПЛАН ЗА ПРОМОЦИЈА НА ДОБРОСОСТОЈБАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024

ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО УСТАНОВИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СОЦИЈАЛНА ГРИЖА

Одговорни:Гордана Поповска Чанговска

Нашето училиште како воспитно - образовна институција е во постојана соработка со установите за безбедност и социјална грижа преку реализација на некои заднички проекти, организирање на едукативни предвања и работилници за учениците.

Институција	Вид на активност	Одд	Реализатори	Време
Полициска станица	Организацијанапредавањанара злични	I - IX	Полициски службеници инспектори	По потреба
Полициска станица	навремени интервенции и дејствувања	I - IX	Полициски службеници инспектори	По потреба
Здравствен дом	теми од областа на здравствената заштита,	I - IX	Лекари специјалисти	По потреба
Центарот за социјални работи	Навремено решавање различни видови проблеми од областа на социјалната заштита	I - IX	Стручни лица од Центарот за социјални раб	По потреба

ПРЕВЕНТИВНА ПРОГРАМА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА,ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ

Врз основа на идентификација, детекција, континуирано следење на учениците кои манифестираат облици на зависност и активности за надминување на злоупотребата, училиштето ќе соработува со институции кои се надлежни за работа со такви ученици во соработка со стручните соработници од самото училиште

Цели

дефинирање и утврдување на различни начини на злоупотреба;

а се препознаат и идентификуваат учениците кои злоупотребуваат разни супстанци и материи и утврдување на супстанцата на зависност;

откривање на причините за насочување кон злоупотреба;

да се откријат карактеристиките на учениците кои злоупотребуваат различни супстанци и материи;

практична работа со учениците од страна на наставниците и стручните соработници во училиштето;

следење на развојот и напредокот на личноста на ученикот;

да се поттикнува мотивацијата кај учениците за надминување на проблемот;

разговор и давање совети на родителите на ученици кои злоупотребуваат;

изнаоѓање на различни техники кои ќе помогнат за надминување на детектираниот проблем;

индивидуална и групна работа со учениците;

правилен психо-физички развој на личноста на ученикот кој злоупотребува различни супстанци и материи

Задачи

детекција на ученици кои злоупотребуваат различни супстанци и материи;

изнаоѓање на методи и техники за работа со еден или група на ученици кои злоупотребуваат различни супстанци и материи;

заеднички ангажман на учениците, родителите, наставниците, стручните соработници и надлежните институции за поуспешно надминување напроблемот;

обезбедување на услови за реализација на индивидуалните и групните средби со учениците кои злоупотребуваат и обезбедување на контакти со институции кои работат на актуелната проблематика со цел да помогнат за полесно надминување на проблемот;

организација на различни работилници со учениците, нивно вклучување во различни активности во училишниот живот и во различни форми на општествено - хуманитарна работа;

постојано следење на однесувањето на ученикот во и надвор од училиштето;

согледување и постигањата на учениците пред детектирање на проблемот, за време на манифестирање на зависноста и после нејзиното надминување;

упатување во соодветни институции на учениците кои нема да успеат да ја надминат манифестираната зависност и злоупотреба

Употребата и злоупотребата на различни психоактивни супстанци, легални и нелегални дроги, негативно се рефлектира на севкупното живеење и функционирање – на индивидуален, професионален, семеен и социјален план, предизвикувајќи големи страдања и загуби.

Причини за изработка на оваа програма се:

Сознанието за постојаното намалување на просечната возраст на злоупотреба на недозволени дроги и возраста на започнување;

Сознанието дека болестите на зависност се водачи во светот според застапеноста, темпото на ширење, степенот на штетност по здравјето, социјалната благосостојба;

Акцентот во Превентивната програма за работа се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон самостојно увидување на ученикот за неговото погрешно однесување; развивање на способности, изнаоѓање методи, начини и постапки за детектирање и рано реагирање за полесно надминување на проблемот

Прилог 36:ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА ВО ОЦЕНУВАЊЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024

ОДГОВОРЕН :Директор,социолог,

Тимот за следење, анализа и поддршка е составен од стручната служба , одделенски и предметни наставници со конкретни задолженија, операционализиран план за следење / период, наставен предмет/, СВОТ анализа на состојбите со оценувањето (квартално- по тримесечија споредбено со извештаи наназад за три години),

При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата – оценитe.

Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано да даваат усна и писмена информација за нивните постигања.

За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

Тимот се состои од стручна служба, одделенски наставници, предметни наставници кои секоја година ги одредува директорот на училиштето.

Родителите во текот на учебната година се информираат за добиената оценка на ученикот преку Е-дневникот и родителски средби.

Учениците се информирани за добиената оценка од предметниот наставник и од одделенскиот наставник.

После соопштената оценка ученикот заедно со родителот има право на поплака и жалба за добиената оценка доколку не е задоволен од истата. Најпрвин жалбата се доставува до класниот раководител, а потоа се проследува до тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето.

Прилог 37:ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „НЕНАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО“-НЕНАСИЛСТВО за учебната 2023/2024 година

Цели:

Обезбедување на сигурност и доверба меѓучениците

Да развива вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другитеученици

Да развива вештини за почитување и соработка со другите

Да се зголеми другарството кое е основа за ненасилнооднесување

Да ги запознава правилата на доброто однесување меѓудругарите

Да се зголеми степенот на меѓусебно разбирање и толеранција меѓучениците

Да ја сфаќа смислата и функцијата на бонтотнот како научено пристојно и правилнооднесување

Да се намали насилството преку социјалнитемрежи

Да се запознаат а воедно и заштитат учениците од злоупотреба на личниподатоци

Да се намали вербалното насилство меѓучениците

Да се оспособат за решавање на конфликтниситуации

Да се применува фер плеј однесување на учениците воспортот

Зголемување на свеста за ненасилно однесување прекумедиуми

Поаѓајќи од развојниот план и одвоените приоритети за учебната 2023-2024година во рамките на приоритетот насилство ќе се реализираат следниве активности

Цели	Содржина	Реализатор	Време	Ресурси	Ефекти

Намалување на насилното однесување	Програма за работа	Тим за ненасилство	Септември	Резултати од спроведени активности во учебната 2023-2024 год.	Зголемување на степенот на воспитната улога во образовниот процес
Разговор за правилата за добро однесување – бонтон	Разговор и изработка на хамери со бонтон правила	Тим за ненасилство	Октомври	-Стручен материјал -Работилница	Да ја сфатат функцијата на бонтонот како правила за пристојно и правилно однесување
Реализација на портфолио- етичко однесување на учниците	Портфолио за ненасилно однесување	Тим за ненасилство	Ноември	Резултати од спроведени активности во учебната 2023-2024 год. -Стручен материјал	-Намалување на формите на насилно однесување - Етичко однесување на учениците
Презентирање на лични творби – да се претстави ненасилството преку поезија и цртежи	Творење лични творби и изработка на цртеж	Тим за ненасилство	Декември	-Стручен материјал -Спроведени разговори со учениците за значењето на ненасилството	-Намалување на формите на насилно однесување -Мотивација на учениците
Презентација на песни за другарство	Песни – „Пееме за дружење без насилство“	Тим за ненасилство	Јануари	-Стручен материјал	-Зголемување на другарството и взаемното разбирање и толеранција
Реализација на разговори – да се намали вербалното насилство и да се поттикнат учениците на примерно однесување	Разговори со ученици од предметна настава Поим конфликт и насилство	Тим за ненасилство	Февруари	-Стручен материјал -Работилница	-Воочување на позитивните и негативните карактеристики при судир на различни мислења
Да се намали злоупотребата на малолетни лица преку социјалните мрежи и заштита на личните податоци	Проект	Тим за ненасилство	Март	Спроведени разговори со ученици за значењето од користењето на социјалнитемрежи Струченматеријал	Злоупотреба на малолетни лица Изготвување на брошура за заштита и злоупотреба на лични податоци
Реализација на разговори – да се намали вербалното насилство и да се поттикнат учениците на примерно однесување	Разговори со ученици од предметна настава Видови насилство и говор на омраза	Тим за ненасилство	Април	-Стручен материјал -Спроведени разговори со учениците за значењето на ненасилството -Работилница	-Оспособување на учениците за разликување на насилство

Фер плеј однесување на учениците за време на спортски натпревар	Спортски натпревар	Тим за ненасилство	Мај	Спроведени разговори со учениците за значењето на фер плеј однесување во спортот учебната година	Намалување на насилното однесување во спортот
Реализација на разговори да се намали насилството и да се поттикнат учениците примерно да се однесуваат	Работилница	Тим за ненасилство	Во текот на учебната 2023 - 2024	-Стручен материјал	Зголемување на свеста за ненасилно однесување кај учениците

ПРИЛОГ 38: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

А. ЦЕЛИ:

1. Совладување и проширување на знаењата;

2. Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина;

3. Запознавање со природните убавини, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во поблиската и поширокатa околина, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Активност	Време на изведување	Релација	Одделение
	октомври	Средно Водно	II– IX одд.

Еднодневен есенски излет			
Еднодневен пролетен излет	мај	СВ.Атанасиј с.Глуво	I – IX одд.
Тродневна екскурзија	мај	Скопје-Велес-Прилеп-Битола-Охрид-Вевчани-Кичево-Гостивар-Тетово-Скопје	IX одд.
Дводневна екскурзија	мај	Скопје –Куманово-Крива Паланка – Пробиштип-Радовиш-Дојран-Струмица-Велес- Скопје	VI одд.
Настава во природа	мај	Скопје-Велес-Прилеп-Битола-Охрид-Вевчани-Кичево-Гостивар-Тетово-Скопје	V одд
Еднодневна екскурзија	мај	Маврово	III одд.

Б. РАСПОРЕД НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

1. ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

Локалитет: Средно Водно

Време на реализација: октомври
Одделение: од II до IX одделение

Цели и задачи:

1. Стекнување и проширување на знаењата за локалитетот;
2. Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
3. Развивање на дружељубивост, другарство, позитивни карактерни особини;
4. Подигање на еколошката свест

Реализација на целите и задачите:

-Посетата и разгледувањето на околината ќе им овозможи на учениците да го осознаат непроценливото општокорисно значење

на карактеристичниот пејсаж ;

-со престојот на овој локалитет , учениците ќе имаат можност да ги прошират своите сознанија

-развивање на другарство, унапредување на позитивни карактерни особини преку меѓусебно дружење, играње на разни игри со правила, водење грижа за себе и групата,

- учениците ќе спортуваат и ќе се рекреираат во чиста и незагадена природа,

учениците ќе ја подигнат еколошката свест преку унапредување на навики за одржување на чистата природа, нејзина заштита и складирање на отпадоците на одредени места.

Раководител на екскурзијата: Директорот на училиштето

Одговорни наставници: одделенските наставници и одделенските раководители.

Правци на патување: с.Сандево – Средно Водно-с.Сандево

Техничка организација: Безбедни патнички автобуси, лекар

Начин на финансирање: Превозот е финансиран од училиштето

2. ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

Одделение: од I до IX одделение

Локалитет: св.Атанасиј с.Глуво

Време на реализација: мај

Цел и задачи :

Запознавање со природните убавини на

- Марков манастир и неговата околина,

-стекнување и проширување на знаењата од географија

-рекреација во природа,

-развивање на еколошка свест и навики.

Реализација на целите и задачите :

Преку престојот во манастирот Св.Атанасиј и неговата околина, учениците ќе се запознаат со природните убавини , како што се чистата шумска вегетација, ливадите,

-Ќе го посетат манастирот и ќе се запознат со неговиот настанок.

-Преку воочување на значењето на чистата природа за здравјето на човекот, ќе се однесуваат еколошки одговорно, водејќи грижа за нејзиното зачувување и незагадување.

-Развивање интерес за спортски активности и здраво живеење.

Раководител на екскурзијата: Директорот на училиштето

Одговорни наставници: одделенските наставници и одделенските раководители.

Правци на патување: с.Сандево- с.Глуво -с.Сандево

Техничка организација: Училишен превоз

Начин на финансирање: Превозот е финансиран од училиштето

ПРОГРАМА За реализација на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение во учебната 2023/2024 год

Место на реализација: Скопје – Маврово-Скопје

Време за реализација: мај 2024 г.

Врз основа на член 42 став 1 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ. бр.161/2019). Министерот за образование донесе Правилник за начинот на изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта

Врз основа на годишната програма за работа ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево училиштето за учебната 2023/2024 год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на еднодневна екскурзија со воспитно образовен- карактер за учениците од III (трето) за учебната 2023/2024.

Раководители на екскурзијата

1.Сузе Велковска Радевска– Директор

2. Одд. раководител на III одд- Гордана Димитриева

Податоци за екскурзијата

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Со реализација на оваа екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења,односно учениците треба да усвојат суштински,систематизирани и научно потврдени знаења за растенијата и животните ,како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на живата и неживата природа , дружење и забавата.

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

- Рекреација на учениците на отворен простор;

-Унапредување на еколошката свест.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ

- Учениците ќе се рекреираат на отворен простор со реализација на основни спортски активности;

-Учениците ќе ги унапредат еколошките навики преку водење грижа за природата и складирање на отпадоците на одредени места;

- Забава и дружење во текот на екскурзијата.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Екскурзијата со воспитно-образовен карактер за учениците од III одделение ќе се реализира во месец мај во траење од еден ден.

ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТУВАЊЕ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

- Правец на патување: Скопје – Маврово -Скопје

- Тргање во 8 и 30 часот од пред училиште релација с.Сандево- Маврово -Скопје

- Враќање во 15 часот во попладневните часови

Техничка организација:

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на еднодневниот излет со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците.

Еднодневната екскурзија за учениците од III одделение во учебната 2023/2024 год.

ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот, а за некои ученици коишто се материјално загрозени агенцијата ќе ги покрие трошоците.

Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција којашто ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот тендер од страна на ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево. За обезбедување на учениците ќе се грижат класните раководители на третите одделенија.

ПРОГРАМА За реализација на тродневна екскурзија за учениците од IX одделение во учебната 2023/2024 година

Место на изведување:Охрид

Време за изведување:мај 2024 г.

Врз основа на Член 42, Став 1, од Законот за основно образование (,,Службен весник на РСМ. бр.116/2019). Министерот за образование и наука донесе правилник за начин на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

Врз основа на годишната програма за работа ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево училиштето за учебната 2023/2024 год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на тродневна екскурзија со воспитно образовен- карактер за учениците од IX (деветто) за учебната 2023/2024.

Стручниот тим на екскурзијата го сочинуваат:

1.Сузе Велковска Радевска –Директор

2. Одд. раководител на IXа – Милена Мојсовска

3. Одд. раководител на IXб – Зорица Силјановска

Податоци за екскурзијата

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Со реализација на оваа екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења,односно учениците треба да усвојат суштински,систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесат за разгледување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси, дружењето и забавата.

ЗАДАЧИ

Образовни:

-Да се утврдат основните знаења за историските настани, појави, процеси и личности од националната историја.

-Да се запознаат со остатоците од нашето блиско и далечно минато и нивното значење.

-Да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и другите народи кои живеат во овие простори.

-Да се поттикнува чување, негување и презентирање на културните вредности.

Воспитни:

-Развивање на љубов кон татковината и нејзините вредности.

-Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики.

-Развивање љубов кон изучување на историјата.

-Поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања.

-Социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

-Градење чувство за патриотизам.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Екскурзијата со воспитно-образовен карактер за учениците од IX одделение ќе се реализира во времетраење од три дена.

ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

1 ден:

-Поаѓање во 8 часот пред училиште – патувањето е преку Велес во Прилеп -Маркови Кули , со посета на Крушево -Спомен куќата на Тодор Проески , Споменикот

Македониум , посета на Битола- Широк сокак и Хераклеа , Ресен -Охрид. Пристигнување во Охрид и сместување во хотел.

- вечера и ноќевање

2 ден:

- Појадок и посета на Манастирот „Св Наум Охридски “ и Заливот на коските, враќање во хотел, ручек, слободно време, вечера и ноќевање.

3 ден

- Појадок,посета на градот Охрид Лихнидос, Стари град, Антички театар, Плаошник и Самуилова тврдина, Црква „ Св. Софија “ - Охрид, Црква,Св. Јован Богослов”- Канео,,враќање во хотелот и ручек.Потоа посета на Вевчани и враќање за Скопје преку Кичево, Гостивар, Тетово во вечерните часови.

ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

Сместување во хотели со најмалку 3* на крајбрежјето на Охридското езеро. Објектите да ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на самиот објект. Хотелите да располагаат со соодветен број на соби, двокреветни и трокреветни за да се сместат учениците. Овие хотели да содржат добро организиран простор за одржување на лична хигиена како и соодветни училници за изведување на настава. Хигиената во објектите, кујните и другите простории се одржуваат на високо ниво, а убавите трпезарии и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Исто така хотелите да располагаат со спортски објетки и терени во непосредна околина за непречено реализирање на спортско рекреативните активности- кошарка, одбојка, и други спортски натпреварување мегу учениците. Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ќе се реализира во објектите кои нудат добри услови и простор за таа намена.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот, а за некои ученици коишто се материјално загрозени агенцијата ги покрива трошоците.

Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот тендер од страна на ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево.

ПРОГРАМА За реализација на дводневна екскурзија за учениците од VI одделение во учебната 2023/2024 год.

Место на изведување:Дојран

Време за изведување: мај 2024 година

Врз основа на Член 42, Став 1, од Законот за основно образование (,,Службен весник на Р.М. бр.161/2019). Министерот за образование и наука донесе правилник за начин на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

Врз основа на годишната програма за работа ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево училиштето за учебната 2023/2024 год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на дводневна екскурзија со воспитно образовен- карактер за учениците од VI (шесто) за учебната 2023/2024.

Раководители на екскурзијата

1.Сузе Велковска Радевска – Директор

3. Одд. раководител на VI-а одд- Даниела Периќ и одд. раководител на VI-б одд –Стефан Нешковиќ

Податоци за екскурзијата

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Со реализација на оваа екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења,односно учениците треба да усвојат суштински,систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесат за разгледување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси, дружењето и забавата.

ЗАДАЧИ

Воспитно образовни задачи:

- Да се оспособат са составуваат вест и извештај

- Да се запознаат со остатоците од нашето блиско и далечно минато и нивното значење.

- Да набројуваат остатоци од материјалната култура во Источна Македонија

- Да се запознаат со антички локалитети од VII век пр.н.е.

- Да се оспособат да објаснуваат за различните култури и нивните карактеристики,

- Да умее да ги наброи и опише различни религии,

- Да умее да ги објаснува поимите река,езеро и водопад,

-Да се оспособи да ги објаснува елементите кај реките и езерата,

-Развивање на љубов кон татковината и нејзините вредности.

-Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики.

-Развивање љубов кон изучување на историјата.

-Поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања.

-Социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

-Градење чувство за патриотизам.

Содржина на активности

- Посета на манастири, цркви и други знаменитости
- Разговори со кустоси, свештени лица, локално население и водичот
- Спортски активности
- Забава и дружење во текот на екскурзијата

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Екскурзијата со воспитно-образовен карактер за учениците од VI одделение ќе се реализира во месец мај во времетраење од два дена.

ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

1 ден:

-Поаѓање во 8.^{00} часот пред училиште – патувањето е кон Дојран со посета на Куманово ,с.Куклице,Пелинци, потоа патување кон Крива Паланка и посета на манастирот Св.Јоаким Осоговски,потоа патување кон Пробиштип посета на Лесновски Манастир па потоа кон Радовиш посета на црква Св.Тројца, патување и сместување во Дојран во хотел, вечера и ноќевање.

2 ден:

-Појадок и разгледување на градот,патување кон Струмица посета на Смоларските водопади и посета на манастирите „Вељуса“ и „Водоча“.

Тргнување за Скопје по ручекот преку Велес со посета на спомен куќа на Кочо Рацин.

Враќање за Скопје во вечерните часови.

ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

Хотелите да се наоѓаат во градот Дојран. Објектите да ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на самиот објект. Хотелите да располагаат со соодветен број на соби, двокреветни и трокреветни за да се сместат учениците. Овие хотели да содржат добро организиран простор за одржување на лична хигиена како и соодветни училници за изведување на настава. Хигиената во објектите, кујните и другите простории се одржуваат на високо ниво, а убавите трпезарии и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ке се реализира во објектите кои нудат добри услови и простор за таа намена.

Техничка организација:

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на еднодневниот излет со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Дводневната екскурзија за учениците од VI одделение во учебната 2023/2024 год.

ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот, а за некои ученици коишто се материјално загрозени агенцијата ги покрива трошоците.

Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција којашто ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот тендер од страна на ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево

П Р О Г Р А М А За организирање и реализирање на наставата во природа за учебната 2023/2024 за учениците од V одделение

Место на изведување: Охрид

Време за изведување: Мај 2024 год.

. Врз основа на Член 42, Став 1, од Законот за основно образование (,,Службен весник на Р.М. бр.161/2019). Министерот за образование и наука донесе правилник за начин на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година и со одлука на Училишниот одбор се изготви Програмата за реализација на настава во природа за петто одделение 2023/2024 година.

Раководители на наставата во природа

1.Сузе Велковска Радевска –Директор

3. Одд. наставник на V одд.- Павлинка Стоилковска

ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

Воспитно – обазовни цели

- запознавање со природното, културното и историското наследство на посетените места;
- развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;
- почитување на традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции; социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- негување и развивање на индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста*;*
- применување на познатите техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, споредување, истражување, анализирање и сл.);
- воспоставување, развивање и негување на пријателството-другарството и колективниот дух;
- развивање на натпреварувачкиот дух;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење и здраво тело;
- грижа за сопственото здравје, развивање хигиенски и културни навики;
- подобрување на психо-физичката состојба на учениците;
- развивање на еколошката свест;
- формирање навики за организирано културно користење на слободното време.
- Да се оспособат за правилно усно и писмено изразување според доживеан настан, со примена на што повеќе придавки и правилно формулирани реченици, при тоа запазувајќи ги изучените граматички и правописни правила.
- Да анализираат песна со примена на повеќе техники од јазична писменост.

- Да се оспособат за литературно творење по набљудување со примена на техники од јазична писменост, при тоа запазувајќи ги изучените граматички и правописни правила
- Да се оспособат за прибирање, средување и читање на податоци и да цртаат едноставни линиски дијаграми, пр: за да ја прикаже промената на температурата.
- Одговара на прашања за собирање, селекција и организирање на релевантни податоци. Извлекува заклучоци од сопствените и податоците на другите и идентификува дополнителни прашања
- Да се оспособат за прибирање, средување и читање на податоци и да цртаат столбест дијаграм за да го прикажат најомилениот спорт кај учениците од петтите одделенија.
- Да ја усвојат песната и да се поттикнува интересот и навиката за слушање на народна музика и пеење
- Да ги увежбаат чекорите на македонското народно оро и да се поттикнува интересот за слушање народна музика и играње оро
- Да ги совладуваат правилата на штафетните игри, да ги почитуваат правилата на игра и фер-плеј однесување. Да се развива целокупната мускулатура и да се поттикнува спортскиот дух и навики.
- Да развива култура на однесување во спортување (како учесник и навивач, победен и поразен) и да се поттикнуваат спортските навики.
- Да се запознае со минатото и културно-историските вредности на РМ, преку посета на културни, историски, верски објекти, археолошки наоѓалишта и стара архитектура на Охрид.
- Да слика според набљудување, што поблиску до реалноста.
- Да ги анализираат ликовните творби (начинот на ликовното изразување).

ЗАДАЧИ:

- Непосредно запознавање на нашето културно-историско наследство
- Проширување на знаењата за природните езера, нивната искористеност како и грижата за нивна заштита од загадување
- проширување на знаењата за флора и фауна во Охридското Езеро
- Запознавање со градовите Струга и Охрид и специфичностата на македонската архитектура
- Развивање: љубопитност, досетливост, упорност и истрајност, свест за зачувување на природата, природните реткости и други духовни и материјални вредности;
- Проширување на знаењата за историското минато на нашиот народ.

СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

Западна Македонија – градови, реки, планини, кањон, извор ,езера, музеи, средновековни градби, цркви,манастири.

- набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите;
- собирање на материјали и податоци со географските содржини од секој посебен објект; -организирање на спортски и други рекреативни игри.

(образование; екологија; лековити и ароматични растенија; споменици на културата; спорт и рекреација; производно корисна и друга работа; разонода, забава)

Учениците ќе престојуваат во Охрид, во установа во која има простории за изведување на планираните активности за секој работен ден, по предходно реализираната посета на определени локалитети и атрактивни места.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Наставата во природа за V одделение ке се реализира во мај 2024 год. во времетраење од 3 дена.

МЕСТО НА ИЗВЕДУВАЊЕ

Местото на изведување на настава во природа – Охрид е избрано за да може учениците да се запознаат со западниот дел на нашата татковина, со прекрасните убавини на Охридското Езеро, со карактеристиките на релјефот (ридче, рид, планина, котлина, поле, река, селска населба и друго), а исто така учениците да се запознаат со животинскиот и растителниот свет, со поими непосредно поврзани со сообраќајот, со стопанските објекти, со животот и работата на лугето во регионот, со богатствата на земјата, со минатото на овој регион на нашата татковина.

ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

Одмаралиштето да се наоѓа во градот сместено на крајбрежјето на Охридското Езеро. Објектите да ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на самите објекти. Одмаралиштето да располага со соодветен број на соби, двокреветни и трикреветни, за да се сместат учениците. Овие одмаралишта да содржат добро организиран простор за одржување на лична хигиена, како и соодветни училници за изведување на настава. Хигиената во објектите, кујните и другите простории се одржува на високо ниво, а убавата трпезариија и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Исто така одмаралиштата да располагаат со спортски објетки и терени во непосредна околина, за непречено реализирање на спортско-рекреативните активности (кошарка, одбојка и други спортски натпреварувања меѓу учениците). Вечерниот културно-забавен живот на учениците исто така ќе се реализира во објектите кои нудат добри услови и простор за таа намена.

ЛОКАЦИИ НА ПАТУВАЊЕ

1 ден:

-Поаѓање во 8 часот пред училиште – патувањето е преку Тетово со посета на Шарена џамија и Тетовско кале, панорамско разгледување на Гостивар. Посета на Бигорски манастир „ Св. Јован Крстител“ и посета на Манстир „ Св. Георги Победоносец“- Рајчица.

Посета на Вевчани и Вевчански извори, градот Струга и пристигнување во Охрид и сместување во одморалиште.

- вечера и ноќевање

2 ден:

- Појадок и посета на градот Охрид Лихнидос, Стари град, Антички театар, Плаошник и Самуилова тврдина, Црква „ Св. Софија “ - Охрид, Црква,Св. Јован Богослов”-Канео, враќање во одморалиште, ручек, слободно време за реализирање на планирани активности, вечера и ноќевање.

3 ден:

- Појадок, посета на Манастир „Св Наум Охридски“ враќање во одмаралиштето за ручек,

-Враќање за Скопје во вечерните часови.

Првиот ден

1.Македонски јазик

Содржина: Користење на техниката 4 агли или писмена вежба ,,Опишување на доживеан настан од првиот ден на патувањето,, (работа во парови, избор на парот)

2. Творештво

Содржина- Музика и движење, играње македонски народни ора

Втор ден

2.Математика

Содржина: Прибирање и средување податоци и цртање на табели и линиски дијаграми за температурите во Охрид во текот на денот(работа во групи)

2. Ликовно образование

Цел: Развивање на естетиката кај учениците, забележување и сликање на детали на природата, умее да користи градација на тоновите, развивање истрајност и упорност во работата.

Содржина: Сликање на езерски пејзаж на Охридското Езеро

3. Ликовно образование

Содржина: Довршување, изложба и естетска анализа на цртежите.

4.Физичко и здраствено образование

Содржина: Штафетни игри.

Техничка организација:

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди

за организирање на еднодневниот излет со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Настава во природа за учениците од V одделение во учебната 2023/2024 год.

ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Наставата во природа ќе биде финансирана од страна на родителите-старателите.

Наставата во природа ќе ја реализира туристичка агенција која ќе биде избрана од училишната комисија и која што ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.

Стручен тим кој ја изработи програмата:

1. м-р Сузе Велковска Радевска-директор
2. Гордана Чанговска-социолог
3. Милена Мојсовска- одделенски раководител 9 одд
4. Даниела Периќ-- одделенски раководител 6 одд
5. Павлинка Стоиловска- одделенски раководител 5 одд
6. Гордана Димитриева- одделенски раководител 3 одд

ДИРЕКТОР

_____

м-р Сузе Велковска Радевска